# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, свикана за 1 јули 2004 година, 10,00 часот

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Ристе Бислимовски, Емилија Костадинова, Абдуладi Адеми, Љубчо Георгиевски, Орданчо Тасев, Сашко Кедев, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Али Ахмети и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејки, може да се види визуелно дека немаме доволен број за да го утврдиме дневнито ред, уште еднаш ги повикувам сите пратеници што се во клубот на пратениците, во ходниците на Собранието, во нивните канцеларии да дојдат.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пристуни пратеници во салата.

Ве молам да притиснете едно на копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме точниот број на пратеници.

Во салата се присутни 64 пратеника, притиснале, иао пишува дека има 70 картички.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се:

Претседателот на Република Македонија , претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 65-та и 68-та седница на Собранието на Република Македонија , Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Бидејки нема, констатирам дека записниците од 65-та и 68-та седница на Собранието на Република Македонија , се усвоени без забелешки.

Дали има претставник од Министерството за финансии? (Нема)

Комисијата за прашања и именувања предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за изменвуање на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија и Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на избори и именвуања ќе ги образложи предлозите, а гласањето ќе се врши по предлозите одделно.

Го молам, претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и недоложната потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата, г. Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодарам претседателе,

Како што спомнавте за денешната седница Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага две точки, односно две предлог одлуки да бидат разгледани по итна постапка. Едната се однесува за промена на персоналниот состав и докомплетирање на три работни тела во Собранието на РМ . Вторат се однесува за персоналнито состав на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот. Двете утврдени одлуки од страна на Комисијата во писмена форма се доставени до Собранието. Бидејки, станува збор за потреба од континуирана работа на работните тела односно и другите органи, а согласно член 66 , оценуваме дека има итна и неодложна потреба истите да бидат денес усвоени на денешната седница на Собранието на РМ. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови нивни заменици на

Комисијата на Собранието на РМ да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 пратеници гласале за, воздржани нема, 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за именвуање на претседателе, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, да се разгледа на оваа седница, го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 пратеници гласале за, воздржани нема, 4 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Владата на РМ согласно член 172 од Деловникот на Собранието на РМ предлага Предлогот за донесување на закон за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело, со Предлог на закон Собранието да ги разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на закон , со Предлогот на законот Ви е доставен.

Го немаме претставникот на Владата.

За збор се јави пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас се извинувам, но сепак, мора да реагираме претседателе, со оглед на то ашто гледам дека седницата не е подготвена како што треба. Мислам ние не можеме Владата да ја чекаме. Пратениците се тука, кворум има, евентуално дајте пауза нека се собере Владата, викнете ја, па да почнеме да работиме. Вака за секоја точка, мислам дек анема смисла да се повикуваме, јавноста не гледа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе причекаме уште десет минути, па потоа ќе дадам пауза. Нека се извести министерот, за да ја образложи скратената постапка, бидејќи по скратена постапка е помалку од десет дена.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејки претставникот на Владата, министерот за финансии е присутен во салата.

Значи уште еднаш да повторам:

Владата на РМ согласно член 172 од Деловникот на Собранието на РМ предлага Предлогот за донесување на закон за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело, со Предлог на закон Собранието да ги разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на закон , со Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови на оваа седница.

Има збор министерот за финансии г. Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека законот е во процедур апвоеќе од 8 месеци и ги помина сите фази, а со оглед на тоа дека Собранието недоследно ги извршуваше своите заклучоци од минатата седница д аго прифати законот во редовна процедура да помине со пречистен текст, ние моравме да го ставиме повторно и сега барам тој текст да се уврсти на дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вашите констатации нема да ги коментирам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, 49 пратеници гласале за, воздржани нема, против нема.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците во слата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека предлогот на Валдата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1.Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје.

2.Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Битола.

3.Предлог за избор на судија на Основниот суд Скопје 1-Скопје.

4.Предлог на одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Скопје и Штип.

5. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основнит есудови во Битола, Скопје-1-Скопје и Струмица.

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивните заменици на комисиите на Собранието на РМ.

7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

8. Предлог за донесување на закон за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело, со Предлог на закон.

9.Предлог за донесување на закон за царинска управа, со Предлог на закон.

10. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија , со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој , Светска банка по Договор за заем за Проектот за управување со здравственито сектор, со Предлог на закон.

11. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија , со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој , Светска банка по Договор за заем за Проектот за имплементација на социјалната заштита, со предлог на закон.

12. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија , со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој , Светска банка по Вторио Проект за прилагодување на управувањето со јавниот сектор, со Предлог на закон.

13.Предлог за донесување на закон за ратификација на Меморандумот меѓу Владата на Руската Федерација и Владата на Босна и Херцеговина, Владата на Република Хрватска, Владата на РМ, Владата на Србија и Црна Гора и Владата на Република Словенија за порамнување на меѓусебните финансиски побарувања во однос на порамнување на сметките од стоковиот промет меѓу поранешниот СССР и поранешната СФРЈ, со Предлог на закон.

14. Предлог за донесување на закон за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата, со Предлог на закон.

15.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон.

16.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнвуање на Законот за спречување на корупцијата, со Предлог на закон.

17.Барање за давање на автентично толкување на членовите 121-в и 123, а во врска со член 121-а од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Емилија Костадинова.

Дали има некој предлог за изменвуање на предложениот дневен ред?

Збор има пратеникот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам,

Господине претседателе, почитувани, дами и господа пратеници, почитувани членови на Владата на Република Македонија,

Јас имам предлог на денешната седница на Парламентот на Република Македонија, да биде дополнета со индормација за состојбата со есенските посеви и првичните проценки за очекувано производство на житните култури, со Предлог заклучоци, како би можеле на конкретен начин како Парламент да се вклучиме во обезбедување на потребите за лебно жито во Република Македонија.

Најнапред би укажал во кратки цртички, зошто ја поднесувам оваа информација. Се работи за состојба, во едно исклучително би рекол важна гранка, стопанска гранка за Република Македонија. Нашиот народ вели лебот е голема работа, минатата година ние имавме големи проблеми со обезбедување соодветна количина на лебно жито и од тие причини ценам дека оваа информација е токму наврме , кога започнуваат жетвените активности и во таа насока има своја осмисленост и оправданост . Во самата информација се содржани во кратки црти состојбите со посејаните површини, таа е поднесена во архивата на Парламентот на Република Македонија, пратениците ќе ја добијат, потоа очекуваните приноси, состојбата со механизација, изборот на Стопанската Комора на Република Македонија, поточно податоците од групацијата за оваа намена. Важно е дека оваа година благодарение на добрите климатски услови Република Македонија има соодветни услови да обезбеди оптимално количество на лебно жито, што ќе каже дека Македонија како ретко кога може да ги задоволи своите потреби и да изврши субституција на увозната количина од над просечно годишно од последната деценија од над 150 илјади тони лебно жито од домашна продукција, што многу значи во намалување и во надворешно трговскиот дефицит и во намалување на дефицитот на платниот биланс. Од тие причини заклучоците кои што се предлагат

се следните:  Согласно податоците во инфорамцијата, се предлага најнапред Владата на Република Македонија, преку Министерството за економија , во соработка со Министерството за земјоделство да определи заштитна цена на пченицата за родот 2003-2004 година, која што заштитна цена ќе обезбеди покривање на производните трошоци на учесниците во земјоделското производство.

Под точка два се предлага Владата на Република Македонија, преку Министерството за земјоделство , да обезбеди средства за подршка, согласно програмите на Министерството за земјоделство, на земјоделски производители кои што произвеле количини на пченица над просечниот принос по единица хектар посејана површина во Република Македонија, што претставува мерка од групата на таканаречени зелени мерки за кои што Владата на Република Македонија нема ограничување од меѓународните асоцијации за буџетска потрошувачка. Според тоа, та аможе да биде применлива во било кој момент во Република Македонија.

Третиот заклучок е Владата на Република Македонија преку Министерството за финансии , поточно неговата ресорна надлежност за Дирекцијата за стокови резерви, овој пат согласно она што го имавме пропуштено минатата година и проблемите со обезбедување на лебно жито во зимниот период, навремено да интервенира, имавме пред неколку недели донесен нов Закон за стокови резерви и сoглансо одредбите на тој Закон, согласно улогата над Дирекцијата за стокови резерви и Министерството за финансии, да се интервенира на начин кој што е пропишан во Законот за стокови резерви, со цел пополнување на државните резерви.

Уште еднаш ќе напомнам, овој пат, оваа година, би рекол после многу години од 1990 година, Република Македонија има шанси замостојно да си го обезбеди потребниот ресурс за производство на леб. Уште еднаш ќе спомнам, лебот е голема работа и се надевам дека Информацијата ќе ја ставиме заеднички на дневен ред и се надевам дека ќе имаме дискутанти од сите парламентарни групи во Парламентот на Република Македонија и заеднички да помогнеме и на Владата и на производителите да направиме еден унисон на институциите на државата за потребите на економскиот сектор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Марјан Ѓрочев вие вашата информација до архивата ја доставите во 9,55 часот, односно пет минути пред почетокот на седницата. Информацијата не е

поделена, што значи дека неможам да го ставам тоа на гласање , бидејќи по член 66 мора да има пишана информација пред пратениците.

Јас би ве замолил , бидејќи пратениците и покрај тоа немаат време да ја разгледаат оваа информација, или евентуално да подискутираат по комисиите, јас би ве замолил оваа информација да ја ставиме на 14-ти јули на седницата на Парламентот, бидејќи тогаш има закажано седница. Дали го прифаќате гоа. (го прифаќам)

Дали некој друг има предлози за изменување и дополнување на дневниот ред. (нема)

Бидејќи нема, дневниот ред го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, 71 пратеници гласале за, нема воздржани, еден против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дали има некој предлог за измена на редоследот на точките од дневниот ред. (нема)

Констатирам дека е усвоен дневниот ред по кој што ќе работиме на оваа седница.

Го молам претставникот на Републичкиот судски совет да влезе во салата.

Минуваме на точката 1: - **Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје**

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Теофил Томановиќ да биде разреШен од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 за, нема воздржан, еден против.

Ве молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи сега се во салата присутни 61 пратнеик , јас го поништувам претходното гласање и го повторувам гласањето.

Ве молам да гласаме?

Во салата гласале 67 пратеници, 66 за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека Теофил Томановиќ е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје поради исполнување на услови за старосна пензија.

Минуваме на точката 2: - **Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Битола**

Предлогот за изборот ви е доставен .

Отворам претрес.

Ве молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Кице Јузевски да биде избран за претседател на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 62 гласале за, еден воздржан, двајца против.

Констатирам дека Кице Јузевски е избран за претседател на Апелациониот суд во Битола.

Минуваме на точката 3: - **Предлог за избор на судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.**

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор. (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот .

Предлогот Јасмина Блажевска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 53 за, нема воздржан, 7 против.

Во салата се присутни 67 пратеника.

Констатирам дека Јасмина Блажевска е избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Минуваме на точката 4: - **Предлог на одлука за огласување на избор на судии на апелационите судови во Скопје и Штип**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 60 гласале за, еден воздржан, двајца против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на апелационите судови во Скопје и Штип.

Минуваме на точката 5: **Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Битола, Скопје 1-Скопје и Струмица.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 61 гласале за, двајца воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судии на основните судови во Битола, Скопје 1-Скопје и Струмица.

Минуваме на точката 6: -**Предлог на одлука за изменување на одлуката за ибор на претседатели и заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес .

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 64 гласале за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

Минуваме на точката 7: - **Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател , потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот .

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 гласале за,двајца воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Поминуваме на 8 точка:- **Предлог за донесување на закон за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот  и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам кој бара збор? (никој)

Бидејќиу никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 56 за, пет воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 59 за, двајца воздржани, и еден против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 3, член 4 во воведната реченица на алинеја 7 и 8, член 12 став 1 и 2 , член 16 став 2, алинеја 1 за менување на став 3 и став 4, член 19 став 2, член 20, став 4, член 22 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 29 став 1 , член 31 став 1 и на член 41 став 1 алинеја 2.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман на член 13 за додавање нов став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на члне 3 став 3 поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Птворам претрес по амандманот на член 4 во воведната реченица и на алинеја 7 и 8 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и г-дине претседателе да ве известам дека амандманите на ЗПК овие два и од три до 10, односно сите што се поднесени Владата ги прифаќа. Ако тоа ви помага да ја скратиме процедурата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе констатирам дека сите амандмани од ЗПК , а ќе ги прочитам, се прифатени од страна на Владата.

Значи овој амандман што го прочитав е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Амандманот на член 12 став 1 и 2 поднесен од ЗПК , како трет амандман исто така е прифатен од претставникот на Владата и станува составен дел на текстот на Законот.

Четвртиот амандман на член 16 став 2, алинеја 1 за менување на став 3 и став 4 поднесен од ЗПК е прифатен од претставникот на Владата и станува составен дел од текстот на Законот.

Петтиот амандман на член 19 став 2 поднесен од ЗПК е прифатен о претставникот на Владата и станува составен дел од текстот на Законот.

Шестиот амандман на член 20 став 4 поднесен од ЗПК е прифатен од претставникот на Владата и станува составен дел од текстот на Законот.

Седмиот амандман на член 22 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од ЗПК е прифатен од претставникот на Владата и станува составен дел од текстот на Законот.

Осмиот амандман на член 21 став 1 поднесен од ЗПК е прифатен од претставникот на Владата и станува составен дел од текстот на Законот.

Деветиот амандман на член 31 став 1 поднесен од ЗПК е прифатен од претставникот на Владата и станува составен дел од текстот на Законот.

Десетиот амандман на член 41 став 1, алинеја 2 поднесен од ЗПК е прифатен од претставникот на Владата и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете г-дине Најдовски имате збор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Сосема накратко ќе го образложам амандманот, со тоа што беше поднесен во текот на вчерашниот ден , незнам колку колегите пратеници го погледнаа. За оваа проблематика расправавме уште кога беше предлогот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење на пари и во прва и во нацрт фазата , завчера малку го отворивме на Комисијата за финансирање и буџет. Имено, се работи за тоа, со оглед на тоа што  со членот 13 се забрануваат финансиските трансакции, поголеми од 15 илјади евра  да се вршат во готовина, јас во начело го прифаќам таквиот став од Законот и сметам дека е добро решение, но предлагам исклучок од ваквиот начин на вршење на финансиски трансакции кога се работи за купување на стан или автомобил и во оние случаи кога семејството нема друг стан на нивно име, или автомобил, плаќањето да може да го изврши готовински, ако при тоа приложи доказ  дека средствата потекнуваат од штедење во банка.

Зошто ова го предлагам?

Го предлагам од едноставна причина, заради тоа што голем број на граѓани, знаете дека долги години треба да заштедат за купување на стан или автомобил и сега при тие плаќања , тие мора да ги извршат преку одредени финансиски институции , се разбира преку банките и за тоа тие ќе бидат должни да плаќаат одредена провизија, која што според моите сознанија изнесува најмалата 0,4% а се

движи и 1 и повеќе % од сумата која што ја уплаќаат. Со ова сметам дека на граѓаните кои што долго години штеделе , а прв пат купуваат стан или автомобил дека дополнително се оптоваруваат и во тој случај за некого можеби се малку 300 - 400 евра, или 250 евра, но за оној кој што долги години се мачел да дојде до тие пари навистина, се тешки и се прилична сума. Со оглед на тоа ако имаме предвид дека оваа година и стапката на ДДВ се зголеми за купувањето на стан, сметам дека оптоварувањето за граѓаните е прилично, а од друга страна сметам дека со тоа што приложуваат доказ дека средствата потекнуваат од штедење во банка, тие сепак подлежат на овој Закон , заради тоа што ако некој на пример ги внесе, може да рече па некој ги внел претходниот ден а другиот ден да има доказ дека се од штедење во банка , но дургите членови на Законот упатуваат на тоа дека секој кој што ќе внесе одредена сума на пари во банка, мора да го докаже и изворот на тие пари, што значи дека не е можно злоупотреба на оние кои што наеднаш би ги внеле и би извадиле од банка да имаат доказ дека се од штедење. Со овој амандман мислам дека би се помогнало на оние граѓани кои што долги години секоја година по одредена сума би штеделе во банката а истовремено парите нема да бидат надвор од финансиските токови, бидејќи ќе се работи за штеден влог во банка. Сметам дека овој амандман треба да се прифати и предлагам на колегите пратеници да го прифатат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, збор има министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници,

Ја разбирам интенцијата на господинот Најдовски во врска со поднесувањето на овој амандман, меѓутоа една од основните цели на законот, воопшто во Република Македонија како и во современиот свет во целина е да се намали готовинското плаќање, особено на поголеми суми. Со оглед дека готовинското плаќање на поголеми суми од страна на физички лица кон правни лица најчест случај е купување на автомобил или на стан или на куќа, затоа што други трансакции немаат поголема вредност од 15 илјади евра, доколку се прифати барањето или амандманот да тоа се исклучи, практично целта на законот ќе не може

да ги исклучи физичките лица од кеш - трансферот, а не од трансферот врз основа на трансакциите во финансискиот систем.

Дополнително сакам да соопштам дека направивме увид во банкарските трансакции кои што служат за исплата на суми поголеми од 15 илјади евра, кога некој од граѓаните сака да купи или возило или нешто друго во вредност поголема од 15 илјади евра. Таа банкарска провизија е навистина пониска од тоа што господинот Најдовски го кажа. Почитуваниот пратеник соопшти проценти што во банкарскиот систем не се соодветни. Само за пример, на пример во една од најголемите комерцијални банки во Република Македонија провизијата за износ над 15 илјади евра е 0,034%. Или, преведено во апсолутни бројки, ако имате трансакција од 20 илјади евра, тогаш провизијата е само 7 евра. Сосема е очигледно дека на такви големи трансакции не може да се направи дополнително оптоварување или на трансакција со истата стапка од 100 илјади евра, провизијата е само 34 евра. Кога ќе ја споредите со трансакција од 100 илјади евра, очигледно е дека тоа не претставува дополнително оптоварување. А, ако го исклучиме, практично ќе исклучиме било каква евиденција на кеш трансакциите во Република Македонија и врз основа на тоа борбата против перењето на пари ќе доживее соодветен удар. Замислете, кеш трансакција на граѓани кон градежни фирми и дилери со коли или други кои претставуваат вредности од 15, 20, 30 па и 100 илјади евра кои системот не може да ги регистрира?!

Така што, би преферирале Парламентот да не го прифати овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 14 пратеници, воздржано 2 пратеници, а против 44 пратеници.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници, 56 за, 3 воздржани, а нема против.

Молам службите да го утврдат бројот, да се избројат точно да не настане забуна.

(Службите ги бројат пратениците во салата).

Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за царинска управа, со Предлог на закон.**

(Во салата настана џагор).

Ве молам да се сослушаме.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има пратеникот Слободан Најдовски.

Повелете.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Прво, сакам навистина да изразам пофалба кон предлагачот на овој закон и навистина имаме квалитетен закон што е предложен и со кој што се регулира организацијата и делокругот и царинските надлежности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Најдовски.

Сите разговори, Ве молам, договарања да се случуваат надвор, а не во салата, бидејќи дозволете министерот треба да слушне што пратеникот дискутира, како и ние сите.

Повелете.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Добро, би продолжил со тоа дека навистина имаме квалитетно законско решение пред нас.

Со оглед на тоа што царинската служба е една од виталните служби и нејзиното функционирање директно влијае пред се на фискалниот систем т.е. на Буџетот, на севкупниот економски амбиент во Република Македонија, од друга страна многу е битно да го продискутираме ова прашање бидејќи царинските работници, заедно со судиите и со нас политичарите, се најкритикувани и граѓаните имаат некако најмногу забелешки и најнегативни оценки за нивната работа. Затоа е многу добро што почнуваме да ги регулираме овие области. Добро е што денеска го имаме предлогот на закон за правата на претседателот на државата, добро ќе биде за месец дена, ако не побрзо да го имаме и законот за пратеници, законот за сите носители на функции, да се регулираат тие прашања за да можеме навистина да зборуваме за вистински поставени основи на државата.

Иако реков дека, навистина, имаме солидно предложено законоско решение, би сакал со неколку мои размислувања и пред се дилеми по однос на одредени законски предлози овде на одредени членови што се предложени во законот, да ги отвориме овде за расправа и за појаснување на пратениците и појаснување на јавноста, за да можеме на крајот, кога навистина ќе го донесеме законот, да кажеме не сме донеле квалитете закон.

Би одел со ред, онака како што овде се предложени во самиот закон.

Прво е прашањето околу изборот на директорот, за кое што прашање отворивме расправа и на Комисијата за финансирање и буџет. Би сакал да го изнесам својот став, бидејќи по однос на ова прашање има амандман од одредени колеги пратеници.

Го поддржувам ставот директорот да го именува и разрешува Владата на Република Македонија и мојот предлог е да се оди уште малку понатаму, да тој директор се избира по предлог на министерот за финансии.

Зошто го предлагам решението? Морам да напомнам дека времето за амандмани е изминато, но се надевам дека министерот за финансии би можел во текот на расправата, доколку некои решенија навистина отворат дилеми, да можат во име на Владата да предложи амандмански да се решат.

Зошто предлагам директорот да се бира по предлог на министерот за финансии? Од едноставна причина, во изминативе години имаме случаеви во Република Македонија каде што, кога се во прашање посебно приходите од Царината, најмногу повици има до министерот за финансии. Ние имавме случај кога поранешен министер за финансии, сега лидер на опозицијата на ВМРО-ДПМНЕ јавно кажуваше дека не контактира и не го поддржува тогашниот директор на

Царината на Република Македонија. Но, истоваремено се изјаснуваше дека е немоќен било што да промени, иако јас не верував во тоа и ден денеска не верувам, но сепак ја имаме како изјава.

Понатаму, во изминативе две години, кога сме ние пратеници, опозицијата најмногу критикува дека се намалени приходите од царината и за тоа директно го обвинуваат министерот за финансии.

На крајот, третата причина е, ако од некого бараме одговорност, а тоа е министерот за финансии, сметам дека тој треба да има најголема надлежност да предлага кој ќе биде именуван и кој ќе биде разрешуван од директор на Царината на Република Македонија.

Следната моја забелешка за која што треба да се размисли е по однос на делот за структурата на работните места во Царината и по однос на образованието што треба да го поседуваат царинските службеници.

Во членот 8, точката 5 се вели: "Царинските службеници од прва група имаат високо или вишо образование, освен водител на смена кој може да има високо, више или средно образование".

Сметам дека оваа граница е прешироко. Може да отвори можност за доста субјективизми на раководителите во царинските служби. Некогаш може за поединци тоа да биде награда, а за поединци да биде казна. Затоа што разликата помеѓу средно и високо образование е голема и некој со високо образование, при субјективизам, може да го отерате на работно место со средно, а некој со средно образование поради субјективизам можете да го донесете на раководно место за кое е потребно високо образование.

Следна забелешка и нејасност по однос на законот ми е, каде што е членот 19, кој што вели "Органите на државната управа и другите државни органи, како и органите на општините и градот Скопје, треба да ја пружат сета неопходна помош во рамките на нивните надлежности, заради примена и извршување на одредена царинска мерка". Тесно поврзан со овој член е членот 20 каде што се вели: "Органите на државната управа и другите државни органи, како и органите на општините и градот Скопје се должни да ја известуваат Царинската управа за сторени прекршоци и кривични дела или прекршоци и кривични дела што може да се сторат од областа на царинското работење".

Овде мислам дека ако веќе останува вакво решение, треба да се допрецизира што се подразбира, која е таа помош што може, на пример сега органот на општината на која што јас доаѓам, општина Бистрица или пак било која друга

општина, да ја известиме Царинската управа за кој царински прекршок или кривично дело е направено, бидејќи не се знае, за да тоа може да го направи, органот на локалната самоуправа или општините или градот Скопје треба да имаат соодветни органи и лица кои ќе бидат задолжени за тоа. Инаку, на овој начин како се поставени, јас сметам дека ова ќе биде доста формалистички и не ќе може да се извршува и на крајот на краиштата, врз основа на кој документ, на каков начин тие ќе го вршат известувањето. Сметам дека тоа треба да се допрецизира.

Следното прашање е регулирано во членовите 10 и 45 во кое се зборува за мандатните казни, што е исто така предвидено и со Царинскиот закон. Се зборува дека можат царинските службеници да изречуваат мандатни казни, но сметам дека за ова треба или да се донесат поблиски критериуми од страна на Царинската управа, или пак да тоа се регулира во законот од едноставна причина, мислам дека не е наведено до кој износ, вредносен износ на одредена стока ќе може да се изречува мандатната казна и понатаму колку ќе изнесува таа мандатна казна. Во законските решенија тоа не е предвидено. Сметам дека треба или да се внесе во законот дека со правилник ќе се регулира, или врз основа на кој закон ќе се изречуваат тие мандатни казни за да немаме субјективизам при определувањето на мандатните казни.

Следното прашање е дискутабилно или треба да се допрецизира или дообјасни, можеби јас недоволно сум го согледал, тоа е прашањето во членот 39 каде што вели дека царински службеник може да влегува во деловни простории во текот на работно време на корисникот, во натамошниот дел се работи за тоа дека може да врши преглед и претрес, нашински речено, на стоките што подлежат на царина.

Сметам дека не е до крај добро прецизирано, бидејќи можеме да дојдеме до ситуација да се постави прашањето дали тука не може да дојде до нарушување на деловните тајни на субјектот во чии простории царинскиот службеник ќе влегува или пак треба да се каже врз основа на кој закон, односно врз основа на налог или друго решение од надлежен орган да може да се влегува? Затоа што ако нема налог од соодветна институција, сметам дека со тоа се нарушува деловноста во тие претпријатија. Поддржувам дека треба поголем царински надзор и дека треба многу поголеми инспекции. Но, истовремено сметам дека треба адекватно законски да се реши.

Уште два члена што се по однос на вработувањето во Царинската служба. Сметам дека би требало да се доразјаснат.

Прво, тоа е членот 70, за вработените, за т.н. бенефициран стаж. Сметам дека треба да се допрецизира врз основа на тој закон и колку ќе изнесува тој бенефициран стаж за царинските службеници.

Потоа, околу членот 51, по однос на вработувањето, мора да кажеме дека, да не ми забележи директно опозицијата, но ако забележи и на тоа можам директно да разговараме, во периодот од 1998 - 2002 година имавме такви вработувања, каде што некој луѓе после 45 години, после 50 години старост се вработуваа, мислам на години од животот се вработуваа од Царина и само со средно образование, без разлика на кој вид средно образование. Сметам дека во овој закон треба да размислиме, дали сега или во иднина, да ја ограничиме старосната граница на оние кои ќе се вработуваат во царинската служба. Тоа го имаше во поранешна Југославија кога работевме по тие закони да до 28 години е со средно образование, а до 30 години со факултет. Ова, од едноставна причина, со оглед на тоа што царинската служба, според мене, како што реков на почетокот е многу витална служба во државата и дека треба прилижно да се посвети внимание на создавањето кадри во царинската служба, сметам дека ако би се определиле на еден ваков начин, дека ќе се овозможи доволен период да после 4-5 години работно искуство што ќе го има еден цармнски службеник, да може да има навистина квалитетни кадри во царинската служба како би можела да се извршува функцијата во царинската служба на адекватен начин.

Со овие мои неколку забелешки сакав да придонесам за подобрување на законското решение.

На крајот, доколку претставникот на Владата оцени за потребно да ги прокоментира, инаку би завршил со тоа дека навистина имаме квалитетно законско решение, предлог на законско решение и ќе гласам за овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Дел од забелешките ги кажа господинот Најдовски. Исто така и јас би сакал да се вклучам во дискусија по овој закон што треба да го донесеме. Се разбира истиот е доста значаен и специфичен и регулира една специфична област која област секогаш е на удар на јавноста и тн. и од успешноста или неуспешноста на

функционирањето на царинската служба, зависат и многу работи што би се одвивале во секоја земја, се разбира и во нашата.

Царината, царинското работење и царинарниците секогаш го привлекуваат вниманието на јавноста, бидејќи скоро сите ние во одредени временски периоди доаѓаме во контакт со оваа служба и од успешноста или неуспешноста на извршувањето на поставените задачи на оваа служба во голема мера ќе зависи мислењето и ставот не само на граѓаните туку и на другите субјекти.

Многу е битно приходите што приходите од царината претставуваат многу значајна приходна стапка за Буџетот на земјата и во тој дел успешноста на прибирањето на овие приходи во голем дел ќе ги терминираат и други политики, монерната и буџетската политика.

Сметам дека со овој закон конечно и целосно ќе се уреди организацијата, делокругот на работа како и управувањето и надлежностите на царината, вработеноста, но од друга страна уште позначајно е што со овој закон конечно ќе се уредат на еден транспарентен начин првата и надлежностите, односно одговорностите на царинските службеници, според мене “главните во функционирањето на царинската управа како служба”. Според тоа ако ние имаме доследно извршување на нивните обврски, ако имаме ефикасност во спроведување на царинските прописи, навремено откривање на криминалните дејствија и корупцијата, дотолку повеќе успешноста на работата на царинската управа во целина а и на самите царински работници, ќе биде поголема.

Колегата Најдовски повеќе се задржа во првиот дел на самиот закон. Јас ќе се задржам малку повеќе на Законот, делот кој на еден транспарентен и јасен начин ги уредува правата, обврските и одговорностите, кодексот на однесување, награди, признанија на царинските работници, како што погоре истакнав дека истите претставуваат главната алка на царинската управа, бидејќи тие се тие кои заправо и оперативно дејствуваа без некоја намера да се занемарат сите вработени во оваа служба.

Пред се морам да истакнам дека овие решенија кои се нудат се за поздравување, дека конечно се става еден ред во делот на вработувањето, кој се може да биде примен во царината, на кој начин, кои услови треба да ги исполнува. Колегата Најдовски истакна дека во еден минат период се вработуваа луѓе од било која струка, а најмалку од струката поврзана со царината, па ни се случуваат и такви работи да имаме вработени кои не знаат да потполнат ниту една царинска декларација, бидејќи не е нивна област, а како што вие знаете кај нас

функционираше и Факултатот за царини, наменет токму за таа област кој исфрли доста квалитетни кадри со високи проценти во своето студирање, но за жал сеуште не си го нашле своето место, таму каде што и тртеба да бидат. Затоа сметам дека со примената на новите одредби со новиот закон такво нешто неможе да ни се случи.

Исто така, добри се одредбите каде се предвидува и пробна работа за вработените преку која од покажаните резулати ќе се заснова и работен однос.

Посебно сакам да истакнам дека се добри предвидените решенија во делот на стимулациите. Имајќи ја спецификата на царинските работници и откривањето на се што се работи односно се пренесува на царината, ако истите не се добро стимулирани, народски речено платени, тие честопати би биле лесен плен на поткуп и на неизвршување на онаа функција што би требало да ја извршуваат, а имајќи ја тежината, што претходно кажав, во извршување на нивната работа.

Ние претходно зборувавме за Законот за спречувањето на перењето на пари или за финансиската полилција, па сметам дека сите тие служби имаат таква специфика и тежина во извршувањето на својата дејност што во крајна линнија, ако тие не се добро стимулирани, прашање е колку успешно би ја извршувале оваа функција. Сепак сметам дека добро платен службеник многу подобро ќе ја извршува оваа работа.

Од друга страна добри се решенијата за одговорностите. Односно, можеби казните кои се предвидуваат за несовесно извршување на своите обврски, според мене би требало да бидат и поостри во однос на одговорноста што ја имаат и тоа што треба да го извршуваат.

Новината во делот на финансирањето на царинската управа, таа се финансира од Буџетот и добро е сега што се предвидува одредени работи да се финансираат со самофинансирачки активности, се разбира во една регулатива предвидена со соодветни акти во целосно успешно одвивање на оваа служба.

Пак ќе повторам, се работи за еден доста квалитетен закон, иако некој ќе рече обемен имаше такви забелешки да оди во две фази. Јас ќе кажам со овие одредби во оваа сфера навистина ќе се регулираат работите така како што треба и ќе се постигнат целите кои треба да ги постигне царинската управа, царинските работници во истата служба.

Ние како пратеници на СДСМ ќе го поддржиме овој закон и за истиот ќе гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Арсовски.

Повелете господине Џафери имате збор.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Јас уште на почетокот сакам да нагласам дека материјалот во Комисијата за финансирање и буџет ни дојде во скратена постапка и немавме толку време да го анализираме. Во текот на работата на Комисијата имав еден став дека овој Предлог-закон треба да оди во две фази поради многуте забелешки во однос на текстот. Но имајќи го предвид фактот дека нашите забелешки со предложените амандмани се усогласени со предлагачот на законот и веднаш да кажам дека ние на оваа седница ќе го поддржиме овој Предлог на закон и неговото донесување.

Нашите забелешки се следните:

Во член 2 точка 5 во првата алинеја се предвидува меѓуграничен царински појас во длабочина од 15 километри. Според мене тоа треба добро да се разгледа и да се намали онаа ширина на меѓуграничната царинска зона од причина што оваа зона исто одлуката на Владата за утврдувањето на граничната зона во која ги врши своите дејности полицијата и војската,не се согласува со оваа длабочина, туку до 5 километри и во некои нагласени места 10 километри.

Мислам дека министерот тоа прашање ќе го земе предвид и ќе ја намали меѓуграничната царинска зона.

Исто така размислуваме дека во членот 6, утврдувањето на изборот на директорот и заменикот директор што се именува од Владата, е позитивно, но мислиме дека директорот и заменикот дирекор треба да бидат во иста положба додека двајцата се одговорни и двајцата ќе треба да се избираат истоветно.

Понатаму понагласени забелешки имаме на член 29 и член 39 кои се по однос на правото на царинските органи за поседување, носење и употреба на оружје.

Нашите забелешии беа во однос на правото на употреба на оружјето и мислиме дека во таа форма како се формулирани во Предлог-законот, во овој член, посебно втората алинеја точка 2 и 3, мислиме дека треба да се изменат овие точки. Ние се надеваме дека со амандманите дадени во тој правец ќе се подобри овој текст и овие две точки на член 29 ќе се отстранат.

Во однос на член 39, оваа законска определба доколку не се прецизира во контекс на Законот за кривична постапка, оваа формулација дали подразбира почитување на законските одредби од кривичната постапка, пред влезот во работните простории на стопанските субјекти кои се третираат од царинските

органи, подразбира и поседување на судска дозвола за влегување во овие простории, бидејќи ова прашање во Законот за финансиска полиција е отстрането со одлука на Уставниот суд. Значи да не дојдеме во состојба да се покрене иницијатива преку Уставниот суд за укинување  на оваа одредба, ние мислиме дека  тоа прашање треба да се прецизира од аспект на почитувањето на клаузулите на Законот за кривична постопка каде се вели дека никој неможе да влезе во просториите на економските субјекти без поседување на посебна судска дозвола, за да се направи еден зафат во овие простории. Оттука мислиме дека треба да се прецизира аспектот на почитување на правичната и соодветната застапеност на припадниците на националностите кои не се мнозинство во Република Македонија, а посебно за правичната и соодветна застапеност на албанците во царинската управа, бидејќи оваа обврска произлеува и од Охридскиот договор. Имајќи предвид дека со овој закон се определува директорот кој одлучува за вработувањето во царинската управа, мислиме дека тртеба да се прецизира и аспектот на почитувањето на определбата на Охридскиот договор во државните органи, значи за застапеноста на албанците во царинската управа.

По однос на аспектот на употребата на јазиците, мислиме дека со посебен закон, посебно во член 54 каде се предвидува давање на заклетва на униформираните припадници на царинската управа, мислиме дека треба да се прецизира овој член и да се предвиди и припадниците на националностите кои говорат различен јазик и се над 20% во Република Македонија, односно говорат албански јазик, заклетвата можат да ја потпишат и на својот мајчин јазик. Тоа е во согласност со амандман 5 од Уставот  кој ја утврдува употребата на јазиците.

И на крај, да не се повторам со двајцата претходни говорници, со нивните забелешки, јас мислам дека со овие сугестии и интервенции што предлагаме да се направат во текстот на законот, ние како парламентарна група на ДУИ ќе гласаме за донесувањето на Предлог-законот, со надеж дека нашите забелешки ќе се инкорпорираат во текстот на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Џафери.

Повелете господине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да се вклучам во дискусијата за донесувањето на овој закон.

Сметам дека предлагањето на овој закон не е во согласност со позитивните законски прописи. Конкретно, се работи со Законот за органите на управата односноз Законот за Влада.

Работата на царината како орган во составот на Министерството за финансии и регулирана со овој закон. Затоа нема никаква логика да се регулира и со закон за царинска управа. Како пример можеме да земеме, како би изгледало кога би требало да се донесе закон за министерство за фунансии или закон за било кој државен орган. Јасно е од самата помисла дека тоа нема никаква логика и дека е спротивно на системските закони за државната управа.

Како што е наведено во причините, идејата потекнува од таму што царинската управа е униформирана служба и врз основа на промените во член 5 од Законот за државните службеници, донесен во мај 2001 година, униформираниот дел треба да се третира посебно, со посебен закон. Но со овој закон на кој се повикува во тој член, сметам дека идејата комплетно не е остварена.

Ако добро се погледне законот ќе се види дека сите глави се воопштени и поради тоа сметам дека самиот закон или треба да се доработи, или неговото донесување на знам колку ќе има онаа права смисла и намена што треба да ја има со идејата што се заговара. Ќе се обидам да кажам неколку забелешки во тој контекс.

Во делот 2 - организација и делокруг на работа, во членот 5, направена е поделба на управа и царинарници.

Досега постоеја 5 царинарници и тоа Скопје, Битола, Гевгелија, Куманово и Штип. Сега се става една клаузула, можеби таа ќе значи и некоја флексибилност, во смисла кога ќе сакаме да отвориме некоја царинарница, нема да мораме да го менуваме законот. Меѓутоа, досега тие таксативно беа наведени во законот.

Понатаму, во структурата на работни места, во членот 8 поименично се наведени сите работни места во управата и царинарниците, со што не се прави никаква разлика помеѓу униформираниот и неуниформираниот дел, иако рековме дека овој закон се донесува поради тоа што во Законот за државни службеници не е униформиран униформираниот дел. Тоа е направено без никакво образложение на било кое од тие работни места  кои се предложени во членот 8. Претпоставувам, поради тоа што можеби дополнително ќе се регулира со посебен пропис, затоа пак се прашувам која е смислата на ваквото таксативно набројување.

Во главата 2, во делот 4 - Основни надлежности, се регулирани надлежностите кои претежно се регулирани со царинскиот закон и другите закони а

дел од овие надлежности се регулираат со царинскиот кодекс. На пример првите 7 точки од член 10 став 1 се регулираат со царинскиот закон, а 8-та со Законот за девизно работење и тн.

Што се однесува до контрола и истраги, таа исто така се уредува со Законот за царина, така што дополнителни одредби би можеле да се додадат во тој закон, а не во овој овде да се наведува. Останатиот дел од оваа глава претежно се препишани надлежностите од царинскито кодекс кој веќе одама функционира во царинската управа.

Глава 5 - специфичности во правата, обврските и одговорности на царинските служби во работните односи, исто така нема некоја поголема смисла

Не би сакал да се впуштам посебно во оценка на одредбите од оваа глава, туку само ќе наведам дека ваквото регулирање е спротивно на одредбите од Законот за работни односи и Колективниот договор во кој прецизно се регулира работниот однос и кои се единствено надлежни за таквото регулирање.

Во глава 7 - награди и признанија, исто така мислам не е погодена смислата на наградување. Наместо да се оди на прифаќање на решенијата на ЕУ за наградување од процент или посоодветни награди само е препишан стариот начин на наградување во согласност со правилникот за наградување на царинската управа.

Во член 76 исто така постои една противзаконска одредба каде во став 1 се вели дека царинската управа се финансира  од Буџетот на Република Македонија и од сопствени извори. Тоа е спротивно на трезорското работење. Всушност Законот дава можност само со посебна одлука на Владата, по предлог на министерот за финансии. Затоа сметам дека овој закон ја губи смислата на царинската управа и ние како пратеничка групан овој закон нема да го поддржиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Перд да го предложам заклучокот, ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Јас знам дека има Комисија за европски прашања, но незнам како се случи сега да се закаже Комисијата кога 15 дена нанапред оваа седница на Собранието се закажа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Царинска управа.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 53 пратеници, против гласале 6 пратеници, воздржано гласале 2 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 53 пратеници гласале за, нема воздржани, 3 пратеници гласале против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандмани на член 8 став 1 и 4, член 52 став 1 и на член 52 став 8, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми, поднесоа амандман на член 2 став 1 точка 3, член 6 став 2, член 6 за промена на редоследот на ставовите 2 и 3, член 7 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 26 став 1, член 26 став 2, член 29 став 2 за бришење на точката 3, член 30 став 3, член 30 став 4 за менување  на член 31, член 32 став 3, член 44 за бришење на ставовите 2 и 3, член 54 став 1 и на член 54 за додавање на нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 точка 4, член 4 став 1 и 2, член 21 ств 1, член 22, член 26 став 1, член 37 став 4, член 38 став 2, член 40 став 3 и на член 43 став 1,2 и 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 и 4, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се  произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Со амандманот се предлага техничко допрецизирање на законот. Меѓутоа, сметаме дека начинот на кој во законот е уредено дека стручните царински службеници и административните царински службеници се различна категорија. Едните се стручни, а другите административни, а вторите не и стручно административни, е подобро решение и би останале на него. Тоа значи амандманот не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСК:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикуам на гласање.

Гласале 50 пратеници, 11 пратеници гласале за, нема воздржани, 39 пратеници гласале против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со амандманот се нуди поинакво дефинирање на истата категорија на граѓани, припадници на заедници кои зборуваат јазик, припадници на заедници кои се најмалку 20% и кои зборуваат одреден јазик со терминот граѓани кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот, да се промени. Еве, во знак на добра волја ќе го прифатиме амандманот и ќе ја промениме таквата формулација.

Го прифаќаме амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и со тоа станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 8, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во амандманот на член 52 став 8 се предлага да се додаде одредница од Уставот на Република Македонија која е валидна, иако не се додаде во Законот за царинска управа, затоа што се работи за соодветната и правичната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

Со оглед дека Владата на Република Македонија и Царинската управа ја применува оваа политика, за што на минатата седница кога имаше и пратенички прашања дадов конкретни одговори, со оглед дека правичната застапеност Владата има и платформа и политика со која ги спроведува уставните амандмани, не цениме дека е соодветно во секој поединечен закон каде што тоа се применува, да се повторува постојано, а особено пак сметам дека во членот 52 на средина од Законот, би било исклучок да го ставиме тоа што и онака го применуваме. Така што, амандманот не би го прифатиле, не затоа што не се спроведува, туку затоа што и едноставно и без тоа само ќе го оптовари текстот. Таа политика која е утврдена со Уставот Владата ја спроведува и сите други државни органи се должни да ја спроведуваат и би било само повторување кое би било во одредени сегменти застапено во Законот, а не во сите. Вака, применлива е во сите и затоа сметаме дека не треба да се вгради дополнително и повторно во текстот на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Талат Џафери имате збор.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседателе.

И покрај тоа, претставникот на Вадата во Комисијата за финансирање и буџет во текот на усогласување на ставовите за Предлог-законот и за текстот, добивме гаранции дека по ова прашање ние сме предложиле и друг амандман во членот 7. Бидејќи беше кажано од претставникот на Владата дека се прифаќа предложениот

амандман од Аднан Јашари, за кој што туку што се изјасни министерот против, сега сме во дилема за тоа за што сме се разбрале вчера и што сме усогласиле вчера по ова прашање. Тогаш, се подразбира дека другиот амандман што следи во членот 7 треба да се инкорпорира амандманот таков каков што е предложен и да знаеме сега за што и како ќе се определи министерот. Во оваа насока јас апелирам пратениците да го изгласаат овој став и ова усогласување, посебно координаторот на пратеничката група на СДСМ по ова прашање знае дека сме направиле усогласување на текстот и се надевам дека ова усогласување ќе се поддржи така како што сме се разбрале во текот на усогласувањето на текстот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека за истата одредба има поднесено два амандманит на различни членови од текстот. Едната одредба е на господинот Јашари, за која сега зборуваме на член 52 и едниот амандман е од група пратеници, меѓу кои и господинот Џафери што сега зборуваше, кој се однесува на член 7. Јас мислев еден од тие два амандмани да се прифати, со оглед дека нивната волја е да се прифати овој претходниот, а не на член 7. Ако господинот Џафери се согласува да го повлечат амандманот на член 7, за кој сега тој зборуваше, тогаш амандманот на господинот Јашари сум спремен да го прифатам. Ако се повлече амандманот 6 на господинот Џафери, ако тој се изјасни дека амандманот го повлекува, амандманот на господинот Јашари го прифаќам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Господинот Талат Џафери има збор.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Со оглед дека обва е нов момент за што вчера разговаравме со претставникот на Владата, јас мислам дека ќе останеме на предложениот амандман од група пратеници. Значи, тогаш се повлекуваме од нашиот став по однос на амандманот на Аднан. Иако, немаме право да го бараме тоа во име на Аднан, но со оглед дека е ова што го кажа министерот, тогаш ние прифаќаме да не се прифати амандманот на

Аднан и да останеме на сугестијата на министерот и прифаќаме да биде прифатен нашиот амандман од група пратеници. Четвртиот амандман за членот 7, значи остануваме на тој, затоа што ова е еден нов момент, тоа што го сугерираше министерот дека ќе го прифати тој амандман. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас нешто би коментирал во врска со ова. Морам 15 закони да читам, да ги следам, вие можеби сте се сконцентрирале на еден закон. Молам, договори, преговори може да се прават, но многу од нас не се упатени за тоа. Ве молам во иднина тие работи да се расчистуваат пред да дојдете на седница. Јас ќе одам по сценариото, а вие ги прифаќате или ги одбивате амандманите или откажувајте се.

Господинот Најдовски има збор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе,

Ве поддржувам во ова што последно го рековте, кој преговарал, кој договарал, не знам и јас иако сум од пратеничка група која што ја поддржува Владата, прв пат слушам за ова што сега го изнесе господинот Талат Џафери. Сметам дека не му е местото во овој закон ни на едниот ни на другиот амандман. е му е местото од едноставна причина. Охридскиот договор е потпишан и јас го почитувам, иако тогаш дали сум се согласувал или не е мое лично мислење. Сега, го почитувам и ќе се залагам за спроведување, бидејќи е од тие што го потпишаа и оставија залог или аманет и пред меѓународната јавност мораме да го спроведуваме, затоа што тој е нашиот пат за приклучување кон меѓународните интеграции. Но, морам да кажам кога е во прашање оваа тема за привична и адекватна застапеност на сите заедници кои живеат во Република Македонија и господата од ДУИ и господата од ДПА ми се чини дека на неадекватен начин постојано ми се вршат пресии, притисоци за примена на ова. Ние, нема да помине многу време за еден месец ќе бараме под итно во Царината и други, веќе до граница точно да се знае колку ќе биде таа застапеност и ние ќе имаме соодветни проблеми. Никогаш не сум против за било од која заедница или националност, вработување и соодветно на своите квалитети и стручна подготвеност. Но, навистина, веќе ми смета ако некој од една заедница, дали е Македонец, дали е Србин или не знам кој, од друга етничка заедница ако

чека спо иста стручна подготовка 15 години работа, а некој чека 5 месеци од коа завршил, е тоа навистина повеќе не можам да го поднесам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Најдовски ве молам вратете се на амандманот. Вие зборувате за вработување, овде е за јазикот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ова што го кажувам е во функција на амандманот. Амандманот е за тоа, претседателе, не е за нешто друго. Затоа, сметам дека не му е местото ни на едниот, ни на другиот амандман во овој закон и на ваков начин не се спроведува Охридскиот договор, туку се спроведуваат работи, залагања на одредени политички партии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Талат Џафери, ве молам немате право на реплика, можете само да земете збор по амандманот.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Имам право на реплика. Беше дискусија на претходниот господин и имам право на реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Земете збор за амандманот, па и вие како господинот Најдовски можеби да кажете нешто што не е со амандманот.

ТАЛАТ ЏАСФЕРИ:

Благодарам господине претседателе.

Господине Најдовски, јас не очекував вие да водите сметка за остварувањето на тоа што е во Охридскиот договор. Вие и треба да водите сметка и за тој дел што вас ве тангира. Ние сме избрани од гласачкото тело кое не донесе овде за да водиме сметка за вклучување на законите и тоа ни е наша обврска. Овде не е настојување некој да бара нешто што не му припаѓа. Ова не се однесува на тоа што некој очекува 15 или 5 дена за вработување. Да рече некој дека починал и не се

вработил на државна работа е сосема друга работа. Но, ова не е тема за дискусија и излишно е да говориме во однос на ова. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате, господине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, ако до крај се спроведува Деловникот, не смеете да дозволите директно да ми се обраќа пратеник, како што јас на никому не му се обраќам. Но, директно ќе одговорам. Зошто сметам дека не е местото во овој закон, заради тоа што е решено со уставните амандмани и секој што работи на државна функција, во државна институција е должен да го спроведува како секој граѓанин, но посебно раководителите на државните институции се должни да го спроведуваат Уставот. Ако е тоа решено во Уставот, немаме потреба да биде решено, да биде предложено во овој закон. Моето образложение е тоа, а на кој му се допаѓа, му се допаѓа, а на кој не,  не.

ЉУП6О ЈОРДАНОВСКИ  :

Благодарам.

Што се однесува до вашиот коментар јас не гледам дека Деловникот е прекршен. Господинот Џафери зборуваше за вашата претходна расправа, дискусија неамандманска и нормално го спомна вашето име. Сите што сме присутни тука може да ни се спомнат нашите имиња. Ако каже пратеник, нема да знае кој пратеник.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Пред малку имавме 63 пратеници во салата.

Предлагам пауза од 12,00 часот до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,25 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во салата се присутни 56 пратеници. За ваша информација 105 се потпишани да земат дневница. Ако ги одземеме од опозицијата која што таа може како политичка борба да го користи тоа 66 пратеника се од мнозинството, а имаме 55

присутни. Јас ќе почекам уште десет минути доколку нема кворум ќе ја прекинам седницата.

Ја молам службата да го утврди конечниот број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 58 пратеника, и ја молам опозицијата ако има доблест и ако сака да влезе да ги завршиме законите.

Почитувани пратеници во салата се присутни 61 пратеник. За да биде опозицијата убедена во тоа, службите нека го утврдат точниот број на пратеници.

Има вкупно 61 пратеник и ве молам, без оглед на тоа дали има расправа или имаме амандмани да не излегуваме од салата.

Значи го затворивме претресот по амандманот на член 52 став 8 поднесен од пратеникот Аднан Јашари и ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеника, 3 гласале за амандманот, 2 воздржани 52 против.

Во салата во моментот на гласање биле присутни 61 пратеник, а можеби биле и повеќе, бидејки влегоа и од опозицијата.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 и точка 3 поднесен од пратеникот Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 поднесен од пратениците Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не  е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор г. Коце Трајановски процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се јавив процедурално, да ви укажам дека треба да се почитуваат принципите кои што вие ги воведовте. Значи доколку нема кворум, рековте дека десет минути ќе се чека. Сега чекавме повеќе од 30 минути. Инаку има случаи кога за 15 секунди. Затоа би апелирале  позицијата да има мнозинство тука потоа да не испадне виновна опозицијата заради кворумот во Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Коце Трајановски. Јас чекав точно 11 минути откако реков дека ќе почнеме со одбивање 10 минути. А за тоа дали опозицијата е присутна или не е присутна, а притоа се зема дневници, тоа нека го кажат граѓаните.  Јас ви го признавам тоа политичко право на кој начин се борите, но во исто време и вие треба нешто да признаете.

Госпоѓо Пеева околу ова прашање не сакам понатаму да расправаме. Ние ќе отвориме посебна расправа во врска со овој проблем за кворум и тогаш ќе си ја кажеме вистината во очи.

Повелете г. Талат Џафери, имате збор по амандманот.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам г. претседател. Со  оглед на фактот дека не беше прифатен овој амандман, сакам да кажам дека токму амандманот 3 во врска со овој амандман и во име на предлагачите  амандманот 2 и 3 ги повлекуваме, затоа што се поврзани еден со друг.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Џафери, значи амандманот 2 кој што се однесува на член 6 став 2 , е повлечен. И амандманот 3 кој што се однесува на член 6 , за промена на редоследот на ставовите 2 и 3 исто така е повлечен. Значи тие два амандмана се повлечени.

Отворам четврти амандман:

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање на нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците  Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 поднесен од пратениците Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен, дали некој бара збор?

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 4 за амандманот 1 воздржан 52 против.

Во салата се присутни 70 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандман 6.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 2 поднесен од пратениците Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Никола Поповски..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г. Џафери имате збор.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Господине претседател, Ви даваме на знаење консултирајки се со советниците кои што се професионалци во Царинската управа и со предлагачот на законот, амандмнот 6 и 7 ги повлеквуаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот 6 на член 26 став 2 е повлечен.

Исто така, амандманот 7 на член 29 став 2 за бришење на точката 3 е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 3, поднесен од пратениците Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Тоа е амандманот 8.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Никола Поповски..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Деветиот амандман од оваа група амандмани е:

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 4 поднесен од пратениците Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Никола Поповски..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Амандман 10:

Отворам претрес по амандманот за менување на член 31, поднесен од пратениците Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не  се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете, г. Џафери, имате збор.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Господине претседател, во име на предлагачите амандманот 10 го повлеквуаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Амандман 11:

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 3 поднесен од пратениците Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не  се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале62 пратеника, 9 гласале за амандманот, 3 воздржано, 50 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандман 12:

Отворам претрес по амандманот на член 44 за бришење на ставовите 2 и 3, поднесен од пратениците Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот упатува на бришење на ствовите 2 и 3 од членот 44, а ако внимателно се прочита образложението на амандманот, тоа упатува на амандман кој всушност значи бришење на алинеите 2 и 3 од ставот 2. Како што е формулиран амандманот не го прифаќаме. Ако амандманот заради, очигледно, техничка грешка се однесува не на ставовите 2 и 3, туку на ставот 2 точките 2 и 3, во тојслучај амандманот е прифатен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи амандманот не се прифаќа.

Повелете г. Џафери, имате збор.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Токму како што објасни минситерот, идејата односно целта на нашата интервенција со овој амандман беше токму тоа, од членот 44 во алинејата 2 да се избришат точките 2 и 3. Меѓутоа, можеби поради краткото време што го имавме, затоа што 25-ти јуни беше крајниот рок што го имавме за поднесување на амандманите, верувам дека тоа е техничка грешка, а идејата е токму тоа што го кажа министерот, дека тоа се однесува на точките 2 и 3 од алинејата 2 на членот 44.

Значи ние се согласуваме со тоа да се интервенира врз основа на образложението на минситерот и во таа насока прифаќаме да се направи реформулирање на овојамандман. Со оглед на фактот дека ние немаме можност тоа сега да го нарпавиме, ја прифаќаме сугестијата на минситрот да се направи таа редефиниција од страна на министерот како што кажа и тој и во тој контекс ние би ја повлекле постоечката формулација и би ја примениле формулацијата што ја понуди министерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Единствена деловничка можност е Владата да го поднесе тој амандман во текто на оваа расправа. Ако Владата го поднесе писмено, ќе го ставиме на гласање, ако не, овој амандман не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 12 за амандманот, 3 воздржано, 44 против.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандман 13:

Отворам претрес по амандмнот на член 54 став 1, поднесен од пратениците Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа, затоа што интенцијата на амандманот е содржана во членот 2 точка 1 од овој закон и нема потреба од овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г. Џафери, имате збор.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Амандманот го повлекуваме бидејќи и ние констатиравме дека ова прашање е дефинирано во членот 2, така што го полекуваме овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Амандман 14:

Отворам претрес по амандманот на член 54 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Талат Џафери, Абдулаким Адеми, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Никола Поповски..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас сум спремен да го прифатам амандманот само ако од него се исфрлат зборовите “и потпишуваат”, затоа што изјавата може да се даде, односно свечената

заклетва, меѓутоа не може и да се потпише затоа што во оргните на Управата служвбен јазик со Уставот и со законите е македонскиот. Така што овој амандман е прифатлив до колку од амандманот се исфрлат зборовите “и потпишуваат”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре, дали го прифаќате или не гоприфаќате амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви дадов одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи не го прифаќа амандманот г. минситер, јас така го толкувам.

Повелете г. Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ние како предлагачи се согласуваме со сугестијата на министерот, ја прифаќаме таа сугестија и прифаќаме да го повлечеме тој дел од реченицата што се однесува до потпишувањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Може да се согласите, но процедурално, формално тоа не можеме да го изведеме. Владата нека поднесе таков амандман без тој дел, ние ќе го прифатиме бидејки само тие имаат право да поднесуваат амандмани докрајот на расправата.

Амандманот не е прифатен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 16 гласале за, нема воздржани, 43 пратеници гласале против.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никојне бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 62 пратеници гласале за законот, нема воздржани, 3 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за царинска управа.

**Преминуваме на Десеттата точка:**

**Предлог за донесување на закон за задолжување на РМ со заем кај Меѓународната бака за обнова и развој -Светската банка поДоговор за заем за Проектот за управување со здравственито сектор, со Прелдог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлгоот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно подлеени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г. Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувнаи колеги пратеници,

Овој заем од Меѓународната банка за обнова и развој за реализација на Проектот за управување со здравственито сектор, на свој начин, е продолжение на претходниоткредит што беше користен во здравството. Колку што суминформиран, самите преговори за овој заем се водени уште од претходната власт, каде првичните догаварања биле заемот да биде околу 20 милиони долари. Сегашниот заем е договорено да биде 10 милиони американски долари, при што проектот ќе се имплементира во траење од 5 години, односно 2 милиони долари секоја година. Ако се земе предвид целокупното здравство,односно целокупниот здравствен систем во РМ, тогаш овој износ ни од далеку не може да ги задоволи ни основните потреби, а камоли да се помисли дека овие пари се доволни за здравството.

Овој Проект за управување со здравствениот сектор претставува дел од Стратегијата на Светската банка за поддршка на земјата во областа на здравството.

Основните цели на проектот се, прво, подобрување на ефикасноста на здравствените услуги, со посебен акцент на болничкиот сектор, подобро остварување на правата на здравственото осигурување и трето, генерална

Во здравствена политика од страна на Министерството за здравство, со воспоставување стандарди за квалитет на здравствените услуги и заајакнување на Фондот за здравствено осигурување, преку квалитетно финансиурање, управување и договарање на здравствените услуги, а посебно за намалување на трошоците.

Со средствата од овој заем ќе се финансира набавка на стоки, набавка на опрема, неизбежните консултантски услуги, тренинг и обука. Кај мене сепак постои една резерва да не кажам скепса во смисла на искористување и рационално трошење на заемот. Само за потсетување, искористеноста на претходниот кредит ако го читаме Извештајот од кредитодавателот, ќе добиеме впчаток дека е тоа еден од најдобро искористените кредити што се добивани во здравството, давани во земјите во транзиција. Но, за жал, во пракса не е така, бидејќи повеќе од половината од кредитот, да не речам 2/3 се потроши за консултатски односно едукативни услуги. Значи, кредитот, практично, грубо да кажам се потроши од нив за нив, заради високите консултански и едукативни услуги и ред други работи што беа условени. Но, денешнава тема не е претходниот кредит.

Затоа, овој заем треба многу прационално, поефикасно, да не кажам подомаќински да го потрошиме и да едуцираме наши експерти, каде трошоците најмалку двојно се помали. Се разбира и странските консултанти и едукатори се неминовни, но нивниот број треба да биде во едни рамки што ќе бидат подносливи.

Исто така, според мене, многу е важен контролниот механизам, во смисла колку и каде се трошат парите, бидејќи тој систем не смее да затаи, оти само така можеме да го оправдаме задолжувањето на Република Македонија со овој заем.

На крајот, овој заем мора да го сватим како дел од реформата или поточно подршка на реформите во здравството што, за жал одат многу бавно, а сметам дека во Парламентот имаме консензус во смисла на реформите што се неопходни. Во спротивно можеме да очекуваме да дојдат се потешки денови како за здравствените работници така и за здравствените осигуреници, а овие два сегменти јас ги гледам како една неделива целина.

Заради ова што го реков пред малку, пратеничката група на ЛДП ќе го подржи донесувањето на законот за задолжување на Република Македонија за заем кај Меѓународната банка за обнова и развој.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Апостолов.

Има збор пратеник пратеникот Марија Којзеклиска, а нека се подготви пратеникот Наташа Биковска.

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе,

Јас накратко само ќе кажам нешто во врска со овој предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој. Во законот е прецизирано колку изнесува, дека тој е 10 милиони денари, а 10 милиони американски долари наменет за реализација на проектот за управување со здравствениот сектор. Овој заем почитуван претседателе ќе се отплаќа , или рокот за отплата е 17 години со вклучњен грејс период од пет години и каматна стапка ЕБРД 0,75%.

Значи опфаќа 24 полугодишни ануитети,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам пратеници, потивко да се чуеме.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Нема проблем, јас ако треба и ќе викам претседателе, од кои почнувајќи од 15-ти ноември 2009 година до 15 ноември 2020 година ќе се отплаќаат 23 еднакви полугодишни ануитети во износ од 415 илјади американски долари и на 15-ти мај 2021 година ќе се отплати последниот ануитет во износ од 455 илјади американски долари.

Во самото образложение од предлогот е дадено дека овој проект за управување со здравствениот сектор претставува дел од тригодишната стратегија на Светската банка за подршка на земјата 2004 - 2006 година и има за цел, наведени се триточки:

Првата е подобрување на ефикасноста и управувањето со осварувањето на здравствените услуги, со посебен акцент на болничкиот систем. Веднаш треба да кажам дека здравствените услуги и болничкиот систем спаѓаат во надлежност на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Вториот сегмент е подобрување на ефикасноста, администрирањето и остварувањето на правата од здравственото осигурување. Ќе ги потсетам колегите пратеници дека и овие се во надлежност во Фондот за здравствното осигурување на Република Македонија .

Третиот сегмен е засилување на институционалните капацитети на Министерството за здравсто, преку формулирање на генералната здравствена политика што кај нас до сега ја нема или национална здравствена стратегија,

воспоставување стандарди за квалитет на здравствените услуги, вклучувајќи ги и клиничките упатства, како и зајакнување на институционалниот капацитет на Фондот за здравствено осигурување, преку ефикансо финансиско управување и договорање на здравствените услуги и намалување на трошоците.

Значи, освен делот засилување на институционалните капацитети на Министерството за здравство, останатиот дел се однесува повторно на Фондот за здравствено осигурување или е во надлежност на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Проектот, како што се наведува во образложението ги има и следниве компоненти:

Политики и стратегии во здравството, што како надлежност треба да биде во Министерството за здравство, во негова надлежност.

Подобрување на управувањето со Фондот за здравствено осигурување, значи Фондот за здравствеон осигурување.

Подобрување на квалитетот на здравствените услуги, што и ова е во надлежност на Фондот. Управување и мониторинг на проектот.

Е сега, ако овој проект 90% се однесува на здравствените услуги, ефикасноста, подобрување на ефикасноста и управувањето впо остварувањето на здравствените услуги , која ќе биде логиката корисник на средствата од заемот за проектот за управување со здравствениот сектор да биде Министерството за здравство.

Министерството за здравство е орган утврден со Законот за органите на државната управа. Фондот за здравствено осигурување, согласно Законот за здравствено осигурување е самостојно правно лице и е посебен субјект надвор од Министерството за здравство. Со оглед на релациите што постојат помеѓу Министерството за здравство и Фибдот за здравствено осигурување и сите недоразбирања што постоја помеѓу овие две институции што се најважни во остварувањето на здравјето, зачување на здравјето на луѓето, навистина не знам колку ќе може овој проект и ова ново повторно задолжување на Република Македонија да го постигне ефектот што се бара со овој проект и точно таргетираните цели што се дадени.

Ако веќе во Министерството за здравство постои единица за координација со проектот што ќе биде одговорна за координација, супервизија и целосна имплементација на проектот, сметам дека ваква единица, со оглед на тоа , како што реков 90% од надлежностите што ги опфаќа овој проект спаѓаат во надлежност на

Фондот за здравствено осигурување на Македонија, сметам дека ваква единица треба да постои и во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, како што реков, со оглед на надлежностите што ги има.

Наведено е дека типот на инвестиции во овој проект, покрај неопходните обуки на разни категории стручни кадри, вклучува и набавка на информатичка опрема, на медицински апарати во функција на горе наведените цели по принципот на пилот-институции со пропорционална регионална дистрибуција и други реконструктивни и градежни активности, исто така по однапред утврдени критериуми.

Со оглед на ситуацијата и можностите што ги има, во кој се наоѓа и финансиската ситуација и Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување, ако веќе се задолжува Република Македонија , и ако кажа колегата Апостолов дека ова се мал борј , како финансиски средства е доста малку во однос сето она што му треба на здравството во Република Македонија , сметам дека овие и реконструктивни и градњжни и набавка на информатички средства и набавка на апарати е потребно да бидат направени така што ќе бидат опфатени барем оние што се најпроблематични во овој момент. Како што знаеме од медиумите имаме проблеми со цитостатици, имаме проблеми со дијализите, проглеми со набавка на лекови, проблеми со немање или недоволно средства во самите здравствени објекти, па навистина ќе треба сериозно да се пристапи кон точно утврдени, иако се вели пилот-институции, точно утврдени цели што мора да го постигнат она за што се задолжува Република Македонија со нови 10 милиони американски долари. Како што знаеме на денешната седница, покрај ова задолжување го имаме и проектот за задолжување на Република Македонија во сферата на социјалната заштита и во сферата на јавниот сектор и тоа во јавниот сектор 30 милиони долари, а во сферата на социјалната заштита 9,8 милиони долари.

Апелирам до надлежните министерства, посебно Министерството за здравство да размисли дали ваква единица за координација не треба да биде формирана и во Фондот за здравствено осигурување и точно да бидат наведени и точно да бидат искористени овие средства од заемот за тоа што е денеска најголем проблем во зравството во Република Македонија .

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Којзеклиска.

Во име на предлагачите се пријави заменик министерот за здравство господинот Арсовски.

АНДРЕЈА АРСОВСКИ:

Веднаш би сакал да одговорам за да нема недоумица околу организацијата и контролата на самиот проект.

Зошто е таа проектна едница лицирана во Министерството за здравство?

Прво, не би се сложил дека 90% се однесува на Фондот, меѓутоа тоа во моментот не е толку битно.

Во претходниот сличен проект што веќе беше во Република Македонија, постоеше независна проектна единица. Тука банката оцени дека контролата брз таа независна единица немало механизам да се изведе добро и заради тоа нејзино инсистирање е да тоа биде под Министерството за здравство.

Понатаму, во сите органи, во Управниот комитет на проектот, тој е застапен со министерот за здравство, директорот на Фондот за здравствено осигурување и висок претставник од Министерството за финансии. Понатаму, постојат шест координатори на проектот од кои четири се од Фондот а двајца од Министерството. Од асистент-координаторите исто има еден кој е од Фондот за здравствено осигурување така што тука апсолутно една координација и заедничка работа постои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави пратеникот Наташа Биковска.

Повелете, имате збор:

НАТАША БИКОВСКА:

Почитуван претседтеле, почитувани министри,заменик за здравство, почитувани колеги,

На дневен ред денеска имаме Предлог за донесување закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, по Договор за заем за Проектот за управување со здравствениот сектор; и на самиот почеток морам да кажам дека не можам да објаснам зошто не се состана Комисијата за здравство, а бев присутна дека и сите колеги од Комисијата на тоа интервенираа и очекуваа по оваа точка да заседава нашата матична Комисија.

Сите знаеме дека здравството е во многу лоша состојба и уште поубаво знаеме дека здравствениот сектор е најсложениот и најскапиот сектор во кој се вработени 23 илјади. Секој вработен учествува во финансирањето преку придонесот за здравство, а сите граѓани и најмалите, од првиот ден на своето раѓање се корисници на здравствените услуги.

Одтука, ќе го цитирам основното начело врз кое се заснова овој Предлог на закон:

"Обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот управување со здравтвениот сектор".

И, веднаш да кажам дека е оправдана потребата од донесување на овој закон и нормално е од овие средства, во износ од 10 милиони долари да очекуваме подобрување на состојбите во здравството во смисла:

- поголема јавност и отчетност во работењето во сите сегменти во системот;
- усвојување на политика на формирање на цели која ќе фаворизира ефикасни лекови со пониска цена, со постојана грижа и одговорност за редовна снабденост со лекови и медицински помагала;
- утврдување на минимални и оптимални стандарди за секоја дејност;
- подигање на нивото на организација во работењето и нивото на рационална економична и ефикасна здравствена заштита со посебен акцент на областа менаџментот во здравственото осигурување и здравствената заштита;
- замена на постојните здравствени легитимации со магнетни картички, за да се обезбеди поголема ефикаснот во остварувњето на правата на осигурениците и во функционирањето на здравствениот систем.

Сето тоа и ред други посакувани состојби особено успешно управување во здравствениот сектор е незамисливо и неостварливо без да се финализира и операционализира информативниот систем во целокупното здравство поврзани: Фонд за здравствено осигурување и Министерството за здравство за нивно транспарентно и отчетно работење.

ФЗО мора да биде поврзан и со најмалата клетка на здравствениот систем. Со тоа се овозможува евиденција на пациенти, контрола и увид дури и на дневна потрошувачка и контрола на целокупното работење во здравствениот систем и само со таков процес за постигнување на успешно управување во здравствениот систем.

Нема да ги елаборирам причините поради кои се носи законот, кои што се наведени во Предлогот за донесување на законот, истите такви се напишани и во образложението на Предлог текстот на Законот, затоа што се премногу општи.

И во првата точка посочениот болнички систем е општа категорија затоа што треба да биде посочена во кој сегмент од болничкиот систем ќе се интервенира.

Затоа не случајно посочив дека најголем приоритет треба да му се даде на инсталирање на компјутерскиот систем, а не да се расфрлаат средствата со интервентно делување и сегментарно затоа што тоа нема да даде резултати, а уште помалку сите ние како пратеници би прифатиле парите да се трошат на консултанти едукатори со незамисливи хонорари.

Овде неизбежно е прашањето што се реализира од она што беше предвидено од средствата од претходниот кредит од Светска банка во износ од 16,8 милиони долари.

Само за илустрација: беа одредени две пилот општини Прилеп и Охрид каде требаше да се провери моделот на капитација - матичен лекар и во тие општини требаше веќе да биде инсталиран компјутерски систем, за што беа предвидени пет-шест милиони долари. Не само што немаме информација, туку и моите сознанија од теренот се дека ова не е спроведено. А, замислете која сума на средства биле предвидени и каде се тие средства.

А да не зборуваме за предвидената стандардизација на опремата, условите и кадарот на сите постоечки амбулати на територијата на Република Македонија, затоа што дури и тоа што е направено во руралните општини имам сознание дека е од италијанска донација.

Овие претходни искуства од злоупотреби на доделените средства за здравството се загрижувачки.

Некои фино си го испланираа и спроведоа замисленото во фантастични размери, непознати за овие простори, но одговорноста не е само на тие што ги вршат криминалните активности.

Од тука со поддржувањето на Предлогот на овој закон ние како пратеници со најдобри намери за здравството достапно за сите и унапредување на здравјето на нациојата, и како пратеници кои ги застапуваат интересите на нашите граѓани се залагаме за отчетно и одговорно и наменско работење и наменско употребување на овој кредит, наменет за реализација на Проектот за ефикасно управување во здравствениот сектор. Ние ја понесуваме и одговорноста за максимална

транспарентност и отчетност, како и постигнување на очекуваните резултати од овој кредит.
Поради тоа сметам дека до пратениците треба да се доставуваат периодични извештаи за поедините фази во реализацијата и проекјтот, а ние сигурно ќе го користиме и институтот пратеничко прашање за добивање на конкретни информации.
Со надеж дека средствата ќе бидат целисходно искористени давам поддршка на Предлогот за донесување на закон, а само ќе завршам дека здравството, образованието и културата се огледало на државата и така треба да се однесуваме.
Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас само кратко. Не би сакал да разговарам многу на оваа тема, но еве поттикнат од одговорите на колегите од позицијата, посебно на колешката Бикова. Мислам дека сите се залагаме за транспарентност, бараме отчет и не знам што уште не. Но, еве како пратеници сега ќе усвоиме еден закон со кој ќе ја задолжиме Република Македонија за 10 милиони долари.

Сите знаеме каква е состојбата во здравството, во моментот во Република Македонија, но не слушнав овде никој да побара прво една програма, за што ќе се трошат овие 10 милиони долари. Мислам дека е многу пореално и пообјективно, еве тука е заменикот министер, сигурно и министерот за здравство, знаат кои се овие болни точки и сега треба да знаеме колку од тие средства ќе има за обука на разни категории стручни кадри, колку е тоа набавување на информатичка опрема, колку е за медицински апарати, во функција на сите горе наведени цели и оттука колку ќе биде пропорционална и регионална дистрибуција, и кои ќе бидат тие пилот места каде ќе бидат употребени овие средства. Ако ние како пратеници го знаеме тоа, многу полесно после тоа ќе можеме да зборуваме за транспарентност и за проверка на средствата каде доаѓаат, дали тие се трошат за правите работи што тука како Парламент ќе одлучиме. Можеби овие 10 милиони се и премногу малку. Но во секој случај не треба да заборавиме дека ја задолжуваме Република Македонија за наредните 17 години. Ако е толку голема неопходноста, да знаеме тие средства каде во овој момент ќе придонесат, барем еден дел од здравството во овој момент да

бидат надминати овие проблеми кои нон стоп се провлекуваат во дневниот печат. Затоа мислам дека и министерот за финансии и министерот за здравство, ќе беше многу подобро за оваа транспарентност што ја бараат и колегите од позицијата и ние како опозиција, да го имаме овој преглед. Тоа се однесува, да не се повторувам и натаму, бидејќи има задолжување за уште наредни 40 милиони долари, значи се работи за задолжување од 50 милиони долари. Мислам тоа требаше да биде презентирано за понатаму, како пратеници и на нашите пратенички прашања да знаеме што прашуваме, каде одат тие средства и колку во моментот се потрошени. На овој начин ние можеме да добиеме одговор во секој момент дека средствата се максимално потрошени таму каде што треба да бидат потрошени и да бидеме задоволни, со тоа што сите овие сегменти кои се наброени во тоа што значи Предлог на закон и причини и последици дека се сигурно многу битни за здравството во Република Македонија и на тој начин дека се добро употребени. Значи покрај ова требаше да добиеме, сега е завршна фаза, ние треба да гласаме, ако може Министерството за финансии и Министерството за здравство, за труд и социјална политика и останатите од јавниот сектор, бидејќи во јавниот сектор се повторува повторно Министерството за здравство, повторно се повторува Фондот за здравство, така што тие 30 милиони каде ќе бидат употребени и како, се надевам нема да бидат злоупотребени. Значи добро ќе биде, како пратеници да ги знаеме тожно позициите за што ќе се искористат овие средства.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Мавровски.

Се надевам дека одговорите на вашите прашања ќе ги даде заменикот министер за здравство.

Повелете господине Арсовски.

АНДРЕЈА АРСОВСКИ:

Не би можел да одговорам зошто покомплетни информации во старт не беа дадени. Веројатно заради тоа што подготвителниот период за овој проект се работи и тоа сде работи под супер визија на проектната единица и под супер визија на луѓе од Светската банка.

Некој од дискутантите спомна дека има 4 компоненти.

Првата компонента, креирање на политика и нејзина имплементација опфаќа 1,04 милиони долари. Понатаму јакнењето на Фондот за здравство и неговото менаџирање 3,45 милиони долари. Најголема ставка опфаќа третата

компонента, а тоа е подобрување на услугите и набавување на одредени добра што е исклучително добра и позитивна работа. Таа изнесува 5,58 милиони долари. И онаа последната ставка, тоа е менаџирањето со проектот. Неговиот мониторинг и евалуација е сведен на 1,27 милиони долари.

Во првичните преговори Светска банка инсистираше оваа четврта ставка да биде повеќе од 3 милиони долари и негативните одрази што ги имаше претходниот проект за што веќе стана денеска збор дека голем дел од средства се одлеале за одредени консултантски услуги. Овде со овој проект тие навистина се сведени на минимум.

Во поглед на транспарентноста, апсолутно по потреба ќе се доставуваат и периодични извештаи. Некој спомна институција пратенички прашања. Во секое време ќе бидеме подготвени да одговориме до каде проектот со негоа реализација и трошење на средства.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Арсовски.

Повелете господине Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал со неколку реченици да се вклучам во дискусијата околу донесување на овој закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој по договор за заем за Проектот за управување со здравствениот сектор.

Мислам дека законите се стандардно изработени, не овој туку сите овие три кои следуваат и нема ништо спорно околу условите за нивното донесување, од финансиски аспект.

Меѓутоа, јас би сакал и од аспект на информатика да прашам нешто, со оглед на тоа што по професија сум информатичар.

Мислам дека е лошо, Македонија продолжува да се задолжува по сите основи. Значи и по овој основ, иако рековме дека оваа Влада ќе штеди и од заштедите ќе гледа да го подобри работењето во сите сектори од Владиното работење.

Во еден дел од овој проект, во објаснувањето се вели дека ќе се вклужи набавка на информатичка опрема. Тој поим мене малку ме загрижува. Ние 15 години, од интегрираните информативни системи едино што правиме е набавка на

опрема: набавка на компјутери, набавка на печатари и сите останати опреми од информатиката. Меѓутоа, воопшто не дискутираме за интегриран информативен систем. Словенија интегриран информативен систем има воведено повеќе од 15 години. Ние само купуваме хардвери. Во народот тоа е прифатено. Министерството за здравство се компјутеризира и сметаме тоа е врвот на информатиката. Јас очекував дека тука ќе беше наведен барем поимот, воведување на интегриран информативен систем во здравството. Тој сигурно чини можеби повеќе од овие 10 милиони долари. Меѓутоа, ние треба да имаме проект за интегриран информативен систем, па ќе кажеме тој модел ќе го воведеме сега, за година, за две, за три, за пет, со овие средства. Следниот модус со следен заем и следни средства. Вака испаѓа единствено едно грубо набавување на опрема и таа опрема најчесто служи таму за пишување на текстови, пишување на извештаи и слично. Сметам дека сепак ќе се остане на она најниското ниво на информатиката што еве не успеваме низ години наназад да се оттргнеме и да почнеме да размислуваме во софтверскиот дел. Дали тој софтвер ќе биде изготвен овде во Република Македонија, а јас мислам дека има доволно луѓе кои се обучени во сферата на информатиката што може и тука во Македонија да се изготви, или пак за забрзување, ако тој трае долго и да се набави некој интегриран информативен систем за управување во здравството, што можеби ќе ни ја скрати само временската компонента. Меѓутоа во секој случај ние треба да зборуваме за софтвер. Вака сметам дека сепак ќе испаднеме во една жалосна фаза во областа на информатиката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок: Собранието со усвојува предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светска банка по договор за заем за Проектот за управување со здравствениот сектор.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 56 гласале за, 4 воздржано и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлгот на оваа седница да се претресе и Предлгот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 56 гласале за, 1 воздржан и 3 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2 став 1 со кој се согласил повереникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот на предлгот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 57 гласале за, 3 воздржани, 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на 11-та точка - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светска банка по договор за заем за проектот за имплементација на социјалната заштита, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ВИ се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете господине Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете ми мошне кусо да го образложам овој предлог закон. Имено со денешниот предлог закон Република Македонија ќе се задолжи кај Светската банка со заем во висина од 9,8 милиони долари кои треба да бидат употребени за две стратегиски реформи во два сектори, во пензискиот систем за кој ќе бидат употребени 75% од средствата и за системот на социјална заштита за кој ќе бидат употребени 25% од овие средства.

Во делот на пензискиот систем овие финансиски средства се неопходни како поддршка на отпочнатите реформи и тоа во два дела: во реформите на самиот Фонд за пензиско и инвалидско осигурување и вториот дел во трансферот на нашиот пензиски систем, од едностолбен кон двостолбен пензиски систем. Притоа како корисници на оваа пензиска компонента се јавуваат 4 институции. Најголемиот дел од средствата, или средства во висина од 3,8 милиони долари ќе бидат апсорбирани од Фондот за ПИОМ, од Агенцијата за супер визија на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување ќе бидат апсолвирани 1,9 милиони долари и од Народната банка во функција на вршење улогата на чувар на средствата на приватните пензиски фондови, ќе бидат искористени 820 илјада долари и во самото Министерство за труд и социјална политика 620 илјади долари.

Како што реков целта на овие средства е, пред се да ги овозможат започнатите реформи и Фондот за ПИОМ да овозможат поефикасна наплата на придонесите, поедноставно административно следење на процедурите. Како што знаете со овие нови измени се воведува месечна евиденција на пензиските придонеси на индивидуална основа, што во голема мера ќе ја зголеми транспарентноста на самиот процес на одвојување на пензиски придонеси.

Во делот на Агенцијата за супер визија, вие добро знаете дека се работи за нова институција која има централна улога во управувањето со реформите кон двостолбен пензиски систем. Оттаму слично како и во Фондот за ПИОМ, убедливо најголемиот дел од овие средства ќе се искористат во функција на набавка на информатичка опрема, значи на соодветен харвер и софтвер, со кои овие реформи ќе можат да се изведат.

Втората компонента или компонентата на поддршка на реформите во секторот на социјалната заштита се состои од две поткомпоненти. Едната поткомпонента е насочена кон воспоставување на интегриран информационен систем што за жал во овој момент го немаме, а се покажува неопходен затоа што преку Буџетот на Република Македонија, за издвојување за потребите на социјалната заштита се издвојуваат повеќе од три милијарди денари на годишно ниво. И втората поткомпонента во овој заем, во делот на социјалната заштита е подобрување на услугите што ги даваат центрите за социјалната работа и установите за социјална заштита што работат на социјално ниво.

Истовремено сите овие финансиски средства се нераскинлово врзани и со измените во законите што се во тек. Имено Парламентот ги поддржа измените на

законите за социјална и детска заштита, во прва фаза, во текот на месец јануари. Наредниот месец претстои усвојување на финалната фаза. Како што знаете таа ќе биде доставена во Парламентот во пакет со другите закони за децентрализација, така што овие средства ќе бидат во функција на изведување на овој процес, затоа што, како што сите добро знаеме секоја реформа чини средства, во почетокот, за потоа тие, со текот на годините да се вратат низ поефикасна и порационална употреба. Значи се работи за еден заем кој е многу прецизно планиран, повеќе од една година, во соработка со многу експерти од повеќе институции кои ќе бидат корисници на овој кредит. Така што и средствата се прилично прецизно испланирани. Затоа и немаме заокружена бројка, туку 9,8 милиони долари и очекуваме со овие средства потполно да бидат исполнети целите на овој заем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот?

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светска банка по договор за заем за проектот за имплементација на социјалната заштита.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 57 гласале за заклучокот, 1 воздржан и 1 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 пратеници гласале за, нема воздржани, 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 пратеници гласале за, нема воздржани, 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светска банка по Вториот проект за прилагодување на управувањето со јавниот сектор, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за финансии, потоа е господинот Караџоски, па госпоѓа Којзеклиска.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Почитувани пратеници,

Сосема накратко, само една минута во врска со овој закон. Со овој закон, како што гледате, се договора заем од Светската банка врз основа на проектот за прилагодување на управувањето со јавниот сектор во висина од 30 милиони долари и за да нема дилеми кога обично пратениците ги поставуваат за време на прашањата за што ќе се користат средствата, овие средства ќе се користат за поддршка на платниот биланс за отплата на надворешниот долг. Тоа значи не се средства кои што ќе одат во потрошувачка, туку средства за поддршка на платниот биланс на државата и тоа во целосен износ и за тоа ќе се транферираат во Република Македонија.

Веднаш да кажам дека условите за исполнувањето на овој аранжман се веќе постигнати. Вие знаете голем број на закони и уште поголем број на мерки на Владата и на владините органи  се донесени за да се постигне критериумот да се користат овие средства. Тој ќе биде во две транши. Првата транша е после ослободувањето, после донесувањето, после потпишувањето на договорот, со оглед дека веќе условите се исполнети. Втората транша до крајот на оваа година со што 30 милиони долари ќе служат за поддршка на платниот биланс за отплата на надворешниот долг бна земјата. Што значи дека во таа смисла не постои практично нето задолжување, туку е само за отплата на странскиот долг.

Она што мислам дека е особено важно и битно за Парламентот, а што директно од Законот не може да се види и да произлезе е дека одобрувањето на овој кредит од Светката банка Владата договори и дополнителна донација од Холандската Влада во висина од 17 милиони долари. Значи, отприлика повеќе од 50 % од заемот, плус на овие средства ќе имаме гранд од Холандската Влада, кој ќе служи исто така за поддршка на платниот биланс. Тој ќе оди исто така во две транши. Првата транша ќе биде 7 и втората транша 10 милиони, зборувам за Холандскиот гранд кој го следи овој заем, а заемот во две транши ќе оди 10 милиони плус 20 милиони до крајот на годината. Тоа значи дека донесувањето на овој закон на Македонија и овозможува прилив за поткрепа на платниот биланс во 2004 година од вкупно 47 милиони, од кои 30 заем, 17 милиони условно кажано неповратни средства за поддршка на активностите.

Од тие причини предлагам Парламентот да го донесе законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Караџоски, а нека се подготви пратеникот Којзеклиска.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ;

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Ја користам оваа прилика, со оглед што ова е трет закон по ред од пакетот на закони за задолжување на Република Македонија. Значи, мора да констатираме една работа дека денеска усвојуваме, изгласуваме три закони за задолжување на Република Македонија, каде што основот по кој што се задолжува Република Македонија односно причините се различни, меѓутоа, сите заеми, односно сите закони за задолжување се од исто место, тоа е Светската банка и под еднакви услови, само се различни износите. Така што многу малку продискутиравме тука по однос на условите на кредитите, на заемот.

Ова конкретно сега што ни е на дневен ред е 30 милиони американски долари и плус 17 милиони кои се во вид на гранд, меѓутоа, и кај овој и кај претходните два закони се зборува во членот 3 и членот 4 под кои услови се дава. Да не заборавиме дека грејс периодот е од 5 години, каматната стапка од либор плус 0,75%, заемот овој конкретно се отплаќа во 24 еднакви полугодишни ануитети во износ од 1.250.000 американски долари, почнувајќи од 15 ноември 2000 до 15 ноември односно мај 2021 година. Во членот 4 се кажува дека се плаќа еднократна провизија, трошок во износ од 1% до износот на заемот. Потоа, на неповлечените средства провизија во висина од 0,75% и тн., што во сите овие претходни и овој закон може да се каже односно не слушнавме, барем не од предлагачот дали се тоа добри услови за склучување на ваков закон, конкретно за овој можеби се добри, затоа што се добива една донација од 17 милиони, па за него и не вреди кој знае колку да се преговара за подобри услови. Меѓутоа, за претходните два можеби би можело да бидат и подобри услови, затоа што сепак, сме сведоци дека овде во Собранието сме имале и закони каде што сме ги усвојувале со подобри услови. Да речеме, немало провизии и тн. Значи, тоа е едното кога станува збор за овој закон.

Она што би сакал овде да го искористам во присуството на министерот, а кое што мислам дека е добро ако ништо друго барем за јавноста да се каже дали со ваквото задолжување Република Македонија го зголемува надворешниот долг. Значи, колку тој при вакви и слични закони, придонесува за зголемување на надворешниот долг, иако овој закон кој сега треба да го гласаме е земање долг за да се исплати долг. Меѓутоа, дали Македонија на овој начин го зголемува надворешниот долг и дали може министерот овде да ни ја каже состојбата со надворешниот долг на Република Македонија колку е тој во овој момент, поточно дали имаме зголемување од 15 септември 2002 наваму надворешниот долг или не. Мислам дека јавноста треба да знае што се случува во тој дел, а министерот мислам дека е подготвен тоа да го одговори. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мислам за овие последните две прашања ќе ги причеката одговорите во последниот четврток во месецот кога ќе имаме пратенички прашања.

Сега се јави за збор министерот за финансии.

Повелете господине министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сакам да дадам три кратки одговори на три прашања што беа поставени од почитуваниот Караџоски.

Првото прашање е дека условите се исклучително поволни за земањето на кредитот. Поповолни услови од ова има само под ИДА услови на Светската банка, меѓутоа, условно кажано никој од нас не би сакал да користиме под ИДА условите затоа што тие се доделуваат на земјите со исклучително голема сиромаштија, а ние не сме во тие земји. Инаку, било кое задолжување на светскиот пазар кај приватни или билатерални кредитори би било многу и рочни и каматни услови полоши од овие. Тоа значи и не треба многу да се објаснува дека Светската банка дава најдобри услови.

Второто прашање беше дали со ова ќе се зголеми надворешинот долг на Република Македонија. Одговорот е не, затоа што средствата ќе се користат за поддршка на платниот биланс и ќе одат на сметката во Министерството за финансии, која служи за отплата на странскиот долг и ќе бидат таму депонирани.од нив ќе отплаќаме и ќе ни служат за зголемување на девизните резерви. Тоа значи нема зголемување на надворешниот долг, а особено што на овие средства добиваме 17 милиони долари исто така гранд, кои очигледно ќе го намалат надворешниот долг, затоа што и тие ќе служат за поддршка на платниот биланс. Во тие услови ако немаме договор со Светска банка, немаме ни гранд, што значи дека грантот сам по себе гледано ни овозможува намалкување на надворешниот долг.

Инаку, на по втор пат поставеното прашање кое го постави господинот Караџоски претходниот четврток точно пред седум дена на пратеничко прашање, ќе го повторам истото со оглед дека не сум се збунил тогаш тоа што сум го кажал, ниту пак нешто друго се случило. Надворешниот долг на Македонија, задолженоста на Македонија мерена преку процентот на учество во бруто домашниот производ од 2002 до 2003 и до 2004 година сукцесивно се намалува. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе,

Јас само кратко ќе образложам она што е наведено ќе го кажам, она што е кажано во образложениeто:

“Во однос на структурните и институционалните реформи кои треба да бидат поддржани со овој проект ќе придонесат за остварување на следните развојни приоритети.

Првиот е подобрување на ефикасноста на државата од аспект на зајакнување на фискалната дисциплина, зголемување на ефикасноста на државната администрација и мерките за антикорупција.

Второ, создавање на одржлив систем на социјална заштита со цел да се обезбеди ефикасно таргитирана заштита на најсиромашните слоеви од населението, подигнување на квалитетот на здравствените услуги, зголемена ефикасност на пензискиот систем.

Трето, намалување на расходите на Фондот за здравствена осигурување”.

Пред малку министерот рече дека овој закон односно не можело да се види во самиот текст на законот, а го има во образложението е дека овој закон, средствата од овој заем ќе бидат наменети за буџетска односно за поддршка на платниот биланс. Ние претходно веќе донесовме два закони, каде што постоеше и социјалната заштита и таму Република Македонија се задолжи со 9.800.000 американски долари, а е наведено и во овој закон. Понатаму, имаме зголемена ефикасност на пензискиот систем и тоа го имаше во Законот за задолжување на Република Македонија од сферата на социјалната заштита, намалување на расходите на Фондот за здравствено осигурување наведени во овој закон за задолжување на Република Македонија во јавниот сектор го имаше како таков во Законот кој го усвоивме претходно, а кој се однесуваше на задолжување на Република Македонија со 10 милиони американски долари за ефикасно финансиско управување и договарање за здравствените услуги за намалување на трошоците, односно со Законот за здравствено осигурување. Значи ние сега го имаме на дневен ред задолжувањето во јавниот сектор со 30 милиони долари и гранд од Холандската влада во износ од 17 милиони долари, а во самото образложение на овој закон е наведено дека од ова јавниот сектор ќе бидат финансирани и социјалната заштита, таргетираните најсиромашни групи, за тоа донесовме претходно закон и намалување на расходите на Фондот за здравствено осигурување и за тоа претходно донесовме закон за задолжување на Република Македонија со 10 милиони американски долари. Јас навистина незнам која е целта ако се вели веќе платниот биланс, зошто и социјалната заштита и здравствениот систем и Фондот за здравствено осигурување се ставаат и во овој закон за задолжување, а од тоа дали е ИДА или нешто друго, факт е дека ние сме сиромашна земја и дека сиромаштијата во Република Македонија и понатаму расте. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има министерот за финансии

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Па, можеби еден ден ќе имаме и ИДА кредити, може и турандот кредити, зависи како ќе ги сваќаме.

Погрешни се констатациите на почитуваната госпоѓа Марија Којзеклиска, затоа што од образложението тоа што го прочита се однесува на реформите кои Владата веќе ги презеде со цел да ги стекне условите за добивање на овој кредит, а тој произлегува од таканаречениот ПЕСМАЛ аранжман на Република Македонија. Ова се само три најсумарно ставени точки каде што ние со Светската банка подолго од една година работиме на остварувањето. Инаку ако ги расчлениме од матрицата на договорот помеѓу Македонија и Светската банка во врска со овој кредит ќе дојдеме до стотици мерки, од кои голем дел поминаа и во Парламентот на Собранието на Република Македонија во вид на законски решенија кои се однесуваат на точките за кои што се зборуваше. Меѓутоа, тоа не значи дека средствата одат на тоа. Реформите се остваруваат во тие сектори и тоа најмногу во точката број 1 и во точката број 3 од наведеното, меѓутоа тие реформи се спроведуваат со цел да се повлече кредитот, а кредитот не служи за целите на тие реформи. За целите на тие реформи таму служеа претходните два закони и тие не се случајно во пакет ставени, затоа што произлегуваат, како што кажавме на почетокот, од еден поширок пакет на соработка помеѓу Македонија и Светската банка, кој се протега до 2007 година. Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, затоа што треба да пристапиме кон гласање.

Ние сме до точка 13 и имаме уште 4 точки, да ја завршиме денеска целата работа и да бидеме ефикасни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во салата се присутни 63 пратеници.

Според тоа, можам да го ставам заклучокот на гласање.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светска банка по Вториот проект за прилагодување на управувањето со јавниот сектор.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој и Светска банка по Договор за заем во Вториот проект за прилагодување на управувањето со јавниот сектор.

Минуваме на точка 13 - **Предлог за донесување на закон за ратификација на Меморандумот меѓу Владата на Руската Федерација и Владата на Босна и Херцеговина, Владата на Република Хрватска, Владата на Република Македонија, Владата на Србија и Црна Гора и Владата на Република Словенија за порамнување на меѓусебните финансиски побарувања во однос на порамнување на сметките од стоковниот промет меѓу поранешниот СССР и поранешната СФРЈ, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештајот на ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас ќе ве молам за мало трпение и за напор денес да се донесе овој закон, затоа што после повеќегодишни преговори наследничките на поранешната СФРЈ тоа се овие пет држави кои се наследнички и сегашната Руска Федерација како наследник на обврските на поранешниот СССР, конечно постигнавме договор за распределба на меѓусебните побарувања кои произлегуваат од обврските од активностите кои ги имале поранешните СФРЈ и СССР.

Билансот на порамнувањето кој конечно е усогласен со сите наследнички на двете страни изнесува долг од страна на Руската Федерација кон петте држави кои ја наследија бившата СФРЈ од вкупно 1 милијарда и 292 милиони клириншки САД долари. Вие знаете дека критериумот на преговори беше исклучително поволен за Република Македонија за што дозволете јавно да се заблагодарам на луѓето кои преговараа и успеаа критериумот на распределба да го наметнат. Република Македонија која партиципираше во екс Југославија со 5,4% во бруто општествениот производ, во кој што тогаш се дефинираше, од наследството на Југославија ќе добие 7,5%, што е исклучително поволно, затоа што се усвои критериумот 50% врз основа на учество во бруто производ и 50% врз основа на учество во населението. Ние во населението знаете дека учествувавме 10%, а во бруто домашниот производ со 5,4%, средната вредност е 7,5%.

Врз основа на тоа Република Македонија по ратификацијата на овој договор, побарува од Руската Федерација 96,9 милиони клириншки долари, или во вредноста на денешните американски долари тоа е некаде 60 милиони долари вредност.

Ве повикувам денес да ја ратификуваме оваа Спогодба и со тоа да овозможиме на Владата на Република Македонија веднаш да потпише и договор, односно спогодба директно со Руската Федерација, за повлекување на 60-те милиони долари, кои се во овој Меморандум утврден долг на Руската Федерација кон Македонија. Тој договор, исто така, е постигнат и веднаш после ратификацијата на Собрание Владата на Република Македонија и Руската Федерација ќе потпишат

договор за користење на 60-те милиони САД долари кои се долг на Руската Федерација кон Република Македонија и мислам дека после долги години преговори конечно постигнавме успешен крај и затоа ве молам да го ратификувате овој договор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за ратификација на Меморандумот меѓу Владата на Руската Федерација и Владата на Босна и Херцеговина, Владата на Република Хрватска, Владата на Република Македонија, Владата на Србија и Црна Гора и Владата на Република Словенија за порамнување на меѓусебните финансиски побарувања во однос на порамнување на сметките од стоковниот промет меѓу поранешниот СССР и поранешната СФРЈ.

Ве повикувам да гласаме.

Глсасале вкупно 60 пратеници, сите 60 за.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Сега имаме кворум, претседателот ќе замени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи претходното гласање го поништуваме. Ве молам да гласаме повторно.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 55 за, нема воздржан, нема против.

Во слата се присутни најмалку 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара зборт? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 60 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Минуваме на точка 14 - **Предлог за донесување на закон за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештајот на ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам претседателе, почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Јас само накратко ќе изложам потребата од донесување на нов закон. Ако дозволите јасно е дека потребата за донесување на закон за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата е наметната од непостоење на одредби во постојниот Закон, со кој би се уредиле посебните прашања поврзани со правата на претседателот, односно правата на неговото семејство по престанокот на функцијата претседател на Република Македонија.

Сегашниот закон кој сите знаеме е донесен 1999 година не содржи одредби кои би ги регулирале правата на семејството на претседателот во случаите кога настанува смрт на претседателот за времетрење на мандатот, заради што му престанува функцијата.

За надминување на овие состојби потребно е законски нерегулираните прашања во однос на утврдување и разграничување на правата што би му

припаднале на претседателот на Република Македонија на кој ќе му престане функцијата по истекот на мандатот, или за времетраење на мандатот поради трајна спреченост да ја врши функцијата, како и разграничувањето на правата на неговото семејство кои би им припаднале во случаите кога настанува смрт на претседателот по истекот на мандатот, или за времетраење на мандатот, да бидат регулирани со нов закон, чија содржина ви е доставена на вас господа пратеници за усвојување од страна на Владата на Република Македонија.

Основната цел што треба да ја постигне овој закон е со него од една страна да се обезбеди континуитет во остварувањето на правата на претседателот на кој му престанува функцијата со истекот на мандатот за кој беше избран и кои права ги остварува со постојниот Закон, а од друга страна да се обезбеди материјална сигурност, како на претседателот на Републиката на кој му престанува функцијата, така и за неговото семејство без разлика дали тоа се случува за времетраењето на мандатот, или по истекот на неговиот мандат.

Правата кои се утврдени со Предлогот на законот, претседателот на Република Македонија може да ги оствари по истекот на мандатот за кој е избран, или поради трајна спреченост да ја извршува функцијата претседател за времетраење на мандатот. Семејството пак, може да ги оствари правата само во случај на смрт на претседателот, при што Законот прави јасна разлика во однос на правата на семејството, кога смртта настанува за времетраење на мандатот на претседателот и правата на семејството кога смртта настанала по завршување на мандатот на претседателот. Освен правата кои обезбедуваат егзистенцијална сигурност за семејството на поранешен претседател на кој му престанала функцијата во случај на смрт за времетраење на мандатот, Предлогот на законот утврдува и други права кои се неопходни да се сочува личната сигурност, безбедност, но и дигнитетот на семејството на претседателот на државата.

Од тие причини Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на денешната седница да го донесе законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Јанакие Витановски, а нека се подготви пратеникот Марија Којзеклиска.

ЈАНАКИ ВИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Денес на дневен ред го имаме Предлого за донесување на законот за правата на претседателто на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата, со Предлог на закон.

Имено, Владата на Република Македонија бара согласно член 152 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија на оваа седница да се расправа за Предлогот за донесување на закон и за Предлогот на законот, од причини што овој закон не е ниту сложен ниту обемен и јас се согласувам со ваквиот начин на носење на овој закон. Посебно од причина што со овој закон треба да се регулираат правата на семејството на трагично загинатиот претседател на Република Македонија. Законот беше разгледуван и на надлежните собраниски комисии и доби зелено светло и се предлага на Собранието да го донесе овој закон. Во расправата на комисиите имаше и различни мислења, во однос на тоа дали треба законот да се носи во една постапка, или во две фази. Имаше коментари по одредени членови на законот, мислам за тоа ќе кажат останатите колеги.

Во однос на потребата од неговото донесување, јас сметам дека има потреба од донесување на овој закон од следните причини.

Според мене овој закон е само надградба на поранешниот Закон за правата на претседателот на Република Македонија по престанување на функцијата што беше донесен, како што се искажа и министерот во 1999 година. Во овој закон не се опфатени прашањата поврзани со правата на семејствата на претседателот, во случај на смрт на претседателот на Република Македонија, за време траењето на мандатот. И од овие причини се наметнува и оваа потреба за регулирање и на овие прашања заради остварување на правата на семејства на претседателот. И сега Владата ни предлага нов текст на закон во кој целосно се опфатени одредбите од претходниот Закон, и нови одредби со кој се регулираат прашањата поврзани со правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство. По престанување на функцијата, и тоа како за време траењето на мандатот, така и по истекот на мандатот. Што значи во целост се регулира оваа материја. Но, сметам дека овој закон не се носи за поединци во Република Македонија, но овој закон се носи и се однесува на функцијата претседател на Република Македонија. И со овој закон се уредуваат правата на претседателот на Република Македонија и на

неговото семејство по престанување на неговата функција, и се однесува за сите претседатели на Република Македонија, кои биле и кои ќе бидат.

Што се однесува до законскиот основ, има уставен основ за негово донесување и законот е во согласност со Уставот и законот се заснов ана следните начела, а меѓу кои основни се на законитост и објективност, како и обезбедување на материјална сигурност и други права на претседателот и неговото семејство, по престанување на функцијата и континуитет во обезбедување на правата.

Имено, правата и обврските на претседателот на Република Македонија, се утврдени со Уставот на Република Македонија, и е утврдено дек апретседателто на Република Македонија ја преставува Република и неговиот мандат е 5 години. А со овој закон се уредуваат правата на претседателот на Република Македонија и на неговото семејство по престанување на функцијата. Законот што се предлага, не претставува по својата содржина ниту сложен ниту обемен текст, тој содржи 5 глави и има 21 член.

Сега ќе се осфрнам во кратки црти на некои одредби кои се содржани во законот. Имено, има одредби кои се посебни и се однесуваат на правата на претседателот на Република Македонија, по престанување на функцијата и јас овие права на претседателот ги подржувам во целост, а некои ќе подвлечам од тие, а тоа се:

Правото на пензија чиј износ е еднаков со износот на платата што ја прима претседателот на Република Македонија, правото на канцелариски простор и најмногу до три стручни лица, правото на лично обезбедување, користење на службено возило и возач. Правото да учествува на државни свечености и манифестации, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија во висина од 8% од Буџетот на претседателот на Република Македонија.

Околу овие , некои права на расправа на комисиите, опозицијата имаше свое видување за кое ситуно ќе си дадат тие свое видување.

Исто така, во законот има одредби кои за мене се и тие посебни одредби и се однесуваат на правата на семејството, на брачниот другар и неговите деца по престанување на функцијата на претседателот во случај на смрт, и јас овие права на семејството на претседателот во целост ги подржувам, а тоа се следните:

Правото за пензија за брачниот другар и децата на претседателто во висина на плата на претседателот, намалена за 30%. Правото на месечен паричен надоместок кој се користи трајно, а е во висина на платата на претседателот. Правото на степендија на децата до навршени 26 години возраст. Правото на

семејството на лично обезбедување, службено возило и возач и службени простории. Посебно би го истакнал правото на семејството на сопственост на градежно неизградено земјиште за изградба на семејна куќа со платен надоместок, за уредување на градежното земјиште или правото на сопственост на стан, за што треба да одлучи  семејството што ќе прифати.

Лично сметам, дека сите овие права кои се определени во овој закон, се во ред и им припаѓаат на претседателто и на неговото семејство, а средствата за остварување на овие права ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија. Посебно би ја истакнал одредбата со која се определува дека законот се однесува на сите претседатели на Република Македонија, а во однос на завршната одредба, дека законот влегува во сила со денот на објавувањето  во Службен весник, е сосема во ред, бидејќи семејството на трагично загинатиот претседател на Република Македонија, треба да ги оствари своите права по овој закон. Од сето ова што го кажав до сега , јас во целост го подржувам овој закон и ќе гласам за него.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам г. Витановски, повелете госпоѓо Којзеклиска, а нека се подготви пратеникот Жарко Караџоски.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре,

Значи, дојде на дневен ред законот за правата на претседателот на Република Македонија, и неговото семејство по престанување на функцијата. Ние досега имавме Закон за правата на претседателот на Република Македонија, кој беше донесен 1999 година, како што кажа и минситерот и колегата Јанаќе Витановски, но од причини што на сите нам добро ни се познати, односно трагичното загинување на г. Борис Трајковски, претседател на Република Македонија, се јави потреба да се предложи овој закон, кој ќе ги регулира и правата на семејството на претседателот, на кој поради смрт му престанала  функцијата додека му траел мандатот.  Никој не ја спори потребата за донесување на овој закон, никој не ја спори законитоста за донесувањето на овој закон, меѓутоа како што кажа колегата Витановски на Законодавно-правната комисија, членовите од опозицијата имаа забелешка во однос на фазите за донесување на овој закон. Имено, ние баравме

овој закон да се донесе во редовна постапка, а од страна на претставникот, повереникот на Владата и со самиот Предлог на закон укажува дека Владата, овој закон бара да биде донесен во скратена постапка со тоа што ни го доставува Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон.

А од друга страна во самиот предлог за донесување на закон, не псотојат или не се наведни причините кои ја налагаат потребата за донесување на овој закон во скратена постапка. Имено, во самите причини е наведено дека прашањата поврзани со правото на семејството на претседателот во случај на смрт, на претседателот на Републиката, за време траењето на мандатот, не се опфатени со овој закон, се мисли на Законот за правата на претседателот од 1999 година, што се наметна потребата од регулирање и на овие прашања заради остварување на правата на семејството на претседателот.

Се согласувам дека, почитувнаи колеги, тоа е така и дека постои неопходна потреба од регулирање на прашањата поврзани со правата на семејството на претседателот во случај на негова смрт, ноне можам да се сложам со тоа што ова оди во вака скратена постапка, а не во редовна процедура.

На самата Комисија имавме доста полемика околу овој дел и се зборуваше дека конкретно,од загинувањето на претседателот, до Предлогот за донесување на закон кој помина на седница на Влада на 14.06.2004 година, сепак има временски период од 5 месеци. Значи, временски периодод скоро половина година не е малку. А, Владата, од друга страна, ни го достави овој предлог во скратена постапка.

Ќе се навратам на она што го кажа колегата Јанаки Витановски, во однсо на тоа дека Законот за правата на претседателто по престанокот на функцијата донесен во 1990 година, не е за личности. Не се согласувам почитуван колега, затоа што овој Закон кога беше доенсен се однесуваше исклучиво за регулирање на правата на претседателот, г. Киро Глигоров, првито претседател на Република Македонија. Значи, сепак Законот беше донесен за да ги стави во законска рамка правата што му следуваат на првиот претседател.

Сега повторно имаме Закон со кој што се доуредуваат определени права, сега во делот на семејството, во правата на семејството на загинатиот претседател. Значи, постојаноправиме надградба на Законто. Значи едноставно никогаш не можеме да ја до регулираме материјата. Секогаш реагираме инцидентно,испровоцирани од определени случувања или настани, иако , верувајте дека можеме да ги претпоставиме, но во голема мерка да ги претпоставиме, состојбите во кои може да се затекнат оние на кои се однесува опредлена материја.

Овде, со овој Предлог за донесување на закон, сметам дека Владата повтроно парцијално ги решава проблемите што можат да произлезат.

На крајот на краиштата, ние не сме единствена земја во светот што има Законза права на претседателот и неговото семејство по престанокот на функцијата. Ако веќе сакала Владата д адонесе закон и да го усогласиме, како што постојано се вели, со предлозите што доаѓаат од Владата дека тие се заради усогласување со европската легислатива, тогаш зошто едноставно ние не зедовме некои од тие закони од европските држави, членки на ЕУ и едноставно да ги препишеме и тие права да ги дадеме на семејството или претседателот на кој ќе му престане функцијата по завршувањето на неговиот мандат. Ако веќе не можевме да направиме друго, роковите не газеле, едноставно како што направи и како што прави соседна Бугарија, а таа сигурно ќе влезе пред нас во ЕУ, сите закони од ЕУ едноставно ги препиша и ги спроведуваат. А ние секогаш ги трансформираме, согланско нашите специфични услвои во Република Македонија. Затоа, постојано ни се случува надградба. Ов ане го предвидовме, ајде измена на Законот, ова не го предвидовме, повторно дополнување на Законот и така ќе одиме во недоглед.

Сите сме свесни , како што кажа и претседателката на Комисјата на ЗПК дека имаме ние животна ситуација. Но, исто така мораме да бидеме свесни дека оваа ситуација трае веќе 6 месеци, а ќе трае и во иднина ваквата животна ситуација, што како образложение за скратената постапка за донесување на вооj закон го нуди позицијата. Но, исто така, треба да бидеме свесни, како што реков, дека таа ситуација трае, таму имаме семејство на  починатиот претседател и таа во иднина ќе продолжи да трае. И ништо на нив не може да им го врати претседателот, членот на нивното семејство.

Доколку Владата навистина имаше намера, ама искрена намера да го регулира статусот на  семејството на г. Трајковски, таа имаше прилика, ништо не може да ме разубеди дека немала прилика или можност за овие 5 или 6-ти месец тоа и да го стори. Зошто се чекаше толку многув реме? Можеби и минситерот ќе даде одговор.

Би сакала да го потенцирам и ова дека Владата требаше посериозно да се подготви или посериозно да се потруди при изготвувањето на овој законски проект каде лицата на кои се однесува, сепак се работи за претседател и за членови на неговото семејство,с е точно утврдени и нивниот број сега во воојмомент, во Република Македонија е мал. Истото тоа требаше да го предвиди Владата или да го подготвив о законскиот проект, барем ако не можевме да ги предвидиме сите можни

ситуации во 100%, тогаш во 80% барем да ги предвидиме сите можни ситуации што можат да настанат, собирајќи ги искуствата од другите земји, затоа што ова е закон со кој што се регулира институција од особена важност, утврдена со Уставот и што е во функција на правниот систем на Република Македонија. Значи, ние не правиме закон за Марија Којзеклиска или за Цветанка Иванова. Ние правиме закон за претседател на државата и за неговото семејство. Тоа се институции  кои се особено важни, како што кажав во правниот систем.

Значи, тежината, можеби вам ви изгледа смешно, меѓутоа од тежината, затоа што се работи за претседател, си го прави своето. Сериозноста на пристапот кон изготвување на ваков законски проект, сепак требаше да биде малку поголема.

Во однос на самиот текст на законот јас имам и амандман, но кога ќе дојде во амандманската расправа ќе кажам. Меѓутоа, би сакла нешто да посочам.

На пример, членот 13: “Во случај на смрт на претседателот на Република Македонија, за траење на мандатот, неговите деца имаат право на стипендија за школување во земјата или странство до наполнети 26 години”. Незнам кои се причините вака да биде формулирано. Стипендија како стипендија, колегите од образованието ќе можат да кажат што значи тоа, меѓутоа дали во тоа  влегуваат и трошоците за школивање, минситерот за правда,   мислам Минситерството го нема децидно ставено во Прелдогот. Стипендија како стипендија знаеме во Република Македонија какви се, колкав е износот на стипендиите, значи сепак треба да се апострофира длаи овде спаѓаат, ако веќе ги прецизираме одредбите и правата на семејството на претседателот на кој му престаналмандатот поради смрт, сепак треба малку посериозно да размислиме и во однос на тој дел.

Во членот 14 се вели дека вослучај на смрт на претседателот на Република Македонија, за време траење на мандатот, семејството на претседателот има право на исплата, на еднократен паричен надоместок по оснво на нематеријална штета чија висина ја утврдува Владата на Република Македонија. Сметам дека и оваа формулација,како и претходната е премногу општа. Кои се причините за ваквата општа формулација, јас незнам. Можеби минситерот ќе ни каже, меѓутоа овој еднократен паричен надоместок по основ на нематеријална штета, дали не треба да се размисли да биде во сразмер со висината на премија по основ на осигурување на живот на личност од тој ранг. Јас незнам дали Владата ќе прифати дека направила пропуст во однос на осигурувањето на претседателот на Република Македонија , меѓутоа факт е дека постои пропуст. Висината на надоместокот по основ на нематеријална штета, ќе и сугерирам на Владата дека сепак треба да биде во оној

дел во кој што гокажа, во сразмер со висината на премијата по оснво на осигурување на живот на личност од тој ранг. Ако веќе со одлука на Влада се донесува, се определува нематеријалната штета, тогаш барем да биде во тој износ.

Што се однесува до правото утврдено во членот 15, јас би сакала да го прочитам: “Во случај на смрт на претседателот на Република Македонија за времтраење на мандатот, семејството има право на сопственост на градежно неизградено земјиште за изградба на семејна куќа, со регулиран надоместок за уредување на градежното земјиште илиправона сопственост на стан”.

Ставот 2: “Ако семејството го користи правото на сосптвеност на градежно неизградено земјиште од став 1, до создавање на услови за живеење во семејна куќа, семејството може да користи сместување во недвижност во сопственост на Република Македонија или изнајмена недвижност, без надоместок за користење и за тековно одржување на недвижноста, но најдолго за период од 3 години од денот на предавањето на земјиштето од став 1 на овој член восопственост на семејството”.

Средствата за надоместоците од овој став се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, а за начинот за остварување на правата утврдени во став 1 и 2 од овој член Владата на Република Македонија донесува одлука.

Ова го кажувам пред се од причини што како и обично кај нас во јавноста се пуштаат определени информации за тоа каде се наоѓа тоа земјиште, на кој се однесува, колку на екслузивно место, а дали има обезбедено или нема обезбедено и кој е должен на крајот на краиштата да го најде тоа неизградено градежно земјиште во јавноста не се зборува, туку се зборува за она што ќе добие сопругата и семејството на починатиот претседател Борис Трајковски.

Во однос на овој член значи семејството има право да бира да му се даде неизградено градежно земјиште и г-ѓата Вилма Трајковска со двете малолетни деца треба сама да изгради семејна куќа, со тоа што државата ќе и ги плати комуналиите.

За тој период од три години г-ѓа Вилма Трајковска и нејзиното семејство треба да живеат во ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓо Којзеклиска почнавте со заклучок и со тоа дека е овој закон кој што се носи за претседател на држва. Ве молам поводот е една работа, да не спомнувате имиња при вашата дискусија. Сеуште се свежи секавањата.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА :

Претседателе факт е дека г-ѓа Вилма Трајковска му е сопруга на претседателот Трајковски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе кажете сопругата на претседателот, ве молам.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Значи, или сопругата на претседателот г-ѓа Вилма Трајковска треба да живее во изнајмена недвижност без надоместок за користење за период од три години.

Дали со самото тоа што Владата треба да и обезбеди на сопругата на починатиот претседател сопственост на градежно неизградено земјиште за изградба на семејна куќа со регулиран надоместок е доволно или не е доволно. Кој е мотивот да се смета дека со оваа одредба од член 15 она што е обврска на државата кон семејството е извршено. Јас сметам дека не е извршено.

Низ целиот текст од Предлогот провејуваат општи одредби, одредби непрецизирани, а знаејќи како се толкуваат кај нас во колку дојде случај на спор, тешко на тој што се повикува на одредби , конкретно за претседател и членови на негово семејство со овој закон , а да не размислуваме и за другите закони кои ги носиме во ова Собрание.

Во членот 16 - “ во случај на смрт на претседателот на Република Македонија за време траење на мандатот семејството на претседателот може да користи и други права , како што се: лично обезбедување, користење на службено возило и возач, службени простории по потреба при прием на домашни и странски делегации и финансиски средства и службена придружба при патување на член на семејство по повод официјална покана за присуство на манифестација надвор од земјата.”.

За начинот на остварување на овие права, со оглед на тоа дека имаше амандман од ЗПК Владата на Република Македонија донесува одлука.

Како дилема само ќе го наметнам прашањето во однос на финансиските средства и службената придружба при патување на член на семејство по повод официјална покана дали до колку член на семејството два пати во иста недела е поканет да присуствува официјално надвор од земјата, дали за секое патување, три пати или пет пати тој ќе мора да се обраќа до Владата со писмено барање дека се потребни финансиски средства заради тоа што членот на семејството е поканет за официјална посета некаде надвор од Република Македонија .

Има и неколку други дилеми, но ќе оставам простор и колегите од позицијата и колегите од опозицијата да ги доискажат, а од се она што кажав ќе повторам дека постои потреба да се донесе закон за регулирање на правата на претседателот на кој му престанала функцијата и правата на семејството на претседателот по престанокот на функцијата, но уште еднаш ќе потенцирам дека и сугерирам на Владата законите кои треба да ја регулираат оваа важна материја, иако не е сложена и обемна, но е важна, со тоа мора сите да се сложите, не е обемна, не е сложена, меѓутоа е важна материја во иднина да се потруди до колку, не дај боже има потреба овие закони да ги предлага во две фази, а сето ова ќе го избегнеме доколку постоеше намера и во овој Предлог за донесување на закон, барем како што реков во 80% можните ситуации кои ќе настанат во иднина да бидат предвидени и воопшто да не постои потреба ние да го менуваме, да го дополнуваме овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓата Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарам г-дине претседателе.

Јас незнам во кој контекст во својата дискусија ме спомна г-ѓата Којзеклиска. Се надевам дека можеби ја предизвикал мојот став за начинот на кој што се донесува овој закон, затоа што јас и на ЗПК го кажав јавно мојот став дека во овој конкретен случај го поддржуван начинот на донесување на закон односно овој закон да се донесе во скратена постапка, што не значи дека отстапувам од она што е став на ЗПК и во иднина ќе се залагам сите закони во принцип заради нивниот квалитет да се донесуваат минимум барем во две фази.

Сметам дека во овој случај навистина овој закон треба да се донесе во скратена постапка, затоа што во овој закон се решава една животна ситуација, затоа Што овој закон иако се донесува како закон за институција корисниците се познати и треба да се реши ова прашање. Овој закон не е усогласување во европското законодавство, туку овој закон е ставање во правна рамка една непредвидена ситуација при донесувањето на Законот ;за правата на претседателот.

По однос на тоа дали Владата имала искерни намери или не се гледа од квантумот на правата кои што се предвидени за корисниците во овој закон и навистина до колку ние пратениците имаме искрени намери имавме можност и

амандмански да делуваме по однос на зголемување на правата на семејството на починатиот претседател, или во иднина не дај боже за други претседатели и пак никој не ни го ускратува правото пратениците и од позицијата и од опозицијата понатаму да предложиме измена при дополнување на овој закон, се разбира може да ги гарантира и да ги обезбеди овие права.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ :

Почитуван претседателе, колеги пратеници.

Значи, се до 1999 година, декември месец потреба од донесување на ваков закон сме немале. Прв пат се укажа потреба од донесување на закон, како што сега носи наслов за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанувањето на неговата функција, значи се некаде до крајот на 1999 година односно почетокот на 2000-та година Република Македонија немала потреба од ваков закон. Да ви кажам искрено ако не се случеше тогаш да му престане мандатот на г-динот Киро Глигоров ние можеби и денеска немаше да имаме потреба од ваков Закон, меѓутоа со оглед дека тогаш настана состојба поради истекот на мандатот, два мандати, толку Уставот предвидува на г-динот Киро Гliговор, поточно не се кандидира, да бидам попрецизен, му престана мандатот 1999 година. Тогаш се најдовме во една состојба како Република Македонија што правиме со човекот? Сепак има свој белег, бил осум години претседател на Република Македонија и треба ли да го оставиме сега да биде обичен пензионер и што ќе правиме со него? Тогаш се најдовме во состојба да мораме, како што денес правиме по итна постапка, во скратени рокови како што популарно ги нарекуваме овие закони, да донесеме закон со кој ќе го заштитиме тогашниот претседател, г-динот Киро Глигоров и тоа го направивме во декември 1999 година, донесовме еден закон кој што закон, да бидеме искрени го правевме најмногу од таа причина.

Со тој Закон беа регулирани прашањата поврзани и со правата на претседателот на Република Македонија по престанокот на мандатот за кој е избран, потоа поради трајна спреченост да ја извршува функцијата и во случај кога ќе поднесе оставка. Тоа беа три причини поради кои што за правата на претседателот требаше да се донесе посебен закон.

Исто така во тој Закон беше регулирано и правото на семејството на претседатлот на Република Македонија, но само во случај на смрт на претседателот на кој му престанала функцијата. Повторно ќе повторам, се водевме од личноста на г-динот Киро Глигоров и затоа го носевме таков каков што го носевме. Што сакам со ова да кажам?

Со ова сакам да кажам дека во Република Македонија, за жал и Собранието како носител на законите, но и Владата како предлагач повторува една иста грешка. Еве години со ред ја повторуваме таа грешка. Значи прво чекаме нешто да се случи, па дури потоа да реагираме со закон. Односно требаше ли да поминат толку години за да сватиме дека немаме закон за правата на претседателот, па тоа да го сватиме одкако на претседателот му престанал мандатот.

Исто така треба ли тоа да го правиме во фази по итна постапка за да после извесен период години, 1999 до 2004 година заради настанот кој никој не го посакуваше, она што се случи со г-динот Борис Трајковски да увидиме дека не сме предвиделе во тој ист Закон што го носевме по итна постапка како се регулираат прашањата и со семејството во случај на смрт на претседателот на Републиката за времетраењето на мандатот. Тоа е еден виден пропуст. Затоа сака да кажам почитувани колеги дека мојот став и на ЗПК покажува во тој правец за да не правиме брзоплети работи. Законите , не случајно и Деловникот предвидел законите да се носат по редовна процедура, а само во исклучителни случаи, кога тоа околностите го бараат итн, да имаме закони во скратена или итна постапка. Кај нас за жал пракса е сите закони да ги носиме или во скратена постапка или по итна постапка, или т.н. Предлот за донесување за донесување на закон со предлог на закон, за да потоа ни се случува да правиме долги, долги и секоја наредна година да правиме измени и дополнувања, само измени итн. и да направиме од еден закон рашомонијада

Тоа е заради тоа што процедурата согласно Деловникот многу ретоко се користи . Секогаш,во 100% случаи образложението на Владата е..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски јас ви дозволив повеќе од пет минути да зборувате за нешто што не е тема ..

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Како не е тема?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Навистина не ми е јасно принципиелната дискусија за скратена постапка на закони да се води по овој закон. Ние претходно имамвме неколку закони што се водеа по скратена постапка вие не ја отворивте таа принципиелна дискусија. Ве молам зборувајте за законот. Го кажавте тоа во врска со процедурата на скратени закони. Токму на овој закон не ја разбирам вашата принципиелна дискусија . Имавме претходно четири такви закони, таму не ја отворивте таа дискусија. Затоа ве молам говорете за законот и за решенијата во законот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе јас колку што се сеќавам ова е општ претрес. Така ли е?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точно, општо претрес е, но говорете во врска со законот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе кога ќе отворите расправа по текстот на законот ќе зборувам за текстот на законот. Сега зборуваме за потреба  и општ претрес по предлогот за донесување на закон. Ве молам најдете деловничка пречка по кој член од Деловникот јас не смеам да зборувам општо и по кој член од Деловникот ме терате сега да зборувам по текстот на законот. Ве молам кажете ми деловнички.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да кажам народно, 1:0 за вас.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Така е во ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не ми одговоривте на прашањето. Принципиелноста за скратена постапка можевте да ја дискутирате и по претходните закони, каде што имавме исто таква постапка.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сега ќе ви одговорам претседателе, веднаш, да бидеме јасни. Јас сакам да бидеме јасни.

Во сите тие претходни закони на кои се повикувате се работи за временски рокови, за кредити кои се врзани со определен рок итн. и заради тоа има и основ и причина . И врзани се со Светска банка, одредени аранжмани итн. Според тоа , затоа не го отворивме, меѓутоа овде е сосема друг случај. Нема многу долго да се задржам на ова само зборувам од принципиелна природа.

Значи, ако овде разговараме, дискутиравме со една конструктивна расправа ќе дојдевме до подобар закон. Тоа ни е целта и затоа го користам и го зборувам во општ претрес.

Само да ве потсетам почитуван претседателе зошто тоа го зборувам и ќе видите дека има резон во ова што го зборувам.

До нас овде е доставено писмо од првиот претседател на Република Македонија г-динот Киро Глигоров заведено под број 2645/5 на 1.07., тоа е денеска во 9,10 часот, во кое што почитуваниот прв претседател г-динот Киро Глигоров укажува на одредени забелешки по однос на содржината на законот. Сигурно ако сме го добиле порано, во онаа фаза согласно Деловникот можеби некој од нас пратениците ќе поднесеше амандман во делот што се зборува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да разјасниме. И јас тоа го добив исто така сабајле денеска и веднаш го поделив на пратениците.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас не ве обвинувам вас, денеска писмото е дојдено, меѓутоа сакам да кажам зошто зборувам дека треба да се оди во редовна процедура.

Значи, ако се овие забелешки, три ги има основни, на член 12 на член 9 и на член 3 каде што првиот претседател на Република Македонија реагира и упатува сериозни забелешки. Значи ако ова сум го имал јас претходно сигурно дека можеби би интервенирал со амандман. Заради тоа зборувам дека пторебно е да се носат законите, за да ни траат подолго и навистина да ни бидат применливи законите, навистина треба да одиме во редовна процедура. Но, толку за тоа.

Факт е дека овој закон се предлага како што се предлага. Факт е дека е неминовна потребата. Сега можам тоа само да го потврдам можеби со едно прашање до министерот како претставник на Владата ако веќе одиме со скратена процедура што се чекаше од февруари до сега, иако овој закон беше најавуван. Ако се одеше во редовна процедура денеска сигурно дека ќе беше во фаза на предлог

на закон, но да го оставиме сето тоа на страна. Ова го кажувам само колку Владата во други прилики да знае и да го применува Деловникот и дека сигурно со поконструктивна расправа доаѓаме до подобар текст на закон.

Кога сме кај самиот закон јасно е поради што треба овој закон да се подржи. Неспорно е дека потреба има и неспорно е дека овој закон треба да се донесе. Од тој аспект неспорно е дека и Жарко Караџоски ќе гласа позитивно, без разлика на ова што сега го кажува. Ова го кажува принципиелно. Причината е една, она што сме го уочиле е дека не сме ги регулирале правата на семејството на претседателот, во случај на смрт на претседателот за времетраење на мандатот. Тоа е она што го кажувам дека треба да предвидуваме работи без разлика колку се болни или не. Меѓутоа, има тука одредби каде што навистина има и забелешки, има работи кои воопшто не се предвидени а треба да се предвидат. Некој тука кажа дека неможеме ние да знаеме што ќе се случува во иднина, и тоа е точно, меѓутоа можеме барем да предвидуваме одредени работи кои се лесно предвидливи.

Ако тргнеме со ред, да речеме членот 3, за правото на пензија, е во ред. Меѓутоа членот 4, сега ако го читаме ќе видиме дека за претседателот на Република Македонија на кого му престанала функцијата согласно член 2 став 1. Тоа значи, доколку му престанал мандатот за кој е избран, според овој закон има право на канцелариски простор и најмалку до три стручни лица. Сега, став 1 што би била забелешка на овој член. Забелешка би била тоа што јас не гледам рок колку би траело ваквото право, ако веќе го има. Значи ли тоа дека доживотно такво право ќе има. Да не заборавиме, значи, еден, имаме прв претседател на Република Македонија кој го има тоа право со претходниот закон и сега овој нов закон кој истото право го утврдува и имаме нов претседател кој е релативно млад и според овој член би требало да го користи правото доживотно, што значи дека на некој начин ние овде бираме и доживотен претседател.

Тука веднаш е забелешката што и на Комисија ја кажав, тоа што овој закон не го предвидел.

Што би се случило, тоа само така го нафрлам како размислување, до министерот за правда. Значи една состојба која овој закон не ја предвидел. Што би се случило, ќе кажам, да не даде Господ, доколку претседателот на државта ја изгуби деловната способност. Што во таа ситуација? Дали членот 3 ќе има примена. Какви служби би имал некој претседател кој немал деловна способност. Пак се враќам на она што на почетокот го загонетнав, ни треба закон со јазни одредби и

состојби кои можеме да ги предвидиме. Има уште многу други такви што не би сакал сега јавно да ги кажувам, состојби кои исто така можат да се предвидуваат.

По однос на другите членови, значи на членот 3, дури и првиот претседател на Република Македонија, исто имам забелешка. На членот 11 и 12, исто така и првиот претседател има забелешка, што и јас го делам мислењето што не постои во воедначен критериум кај правата кои се даваат во член 11 и кај правата што се даваат во член 12. Има различни критериуми. Не би ги читал сега членовите, но факт е дека постои. И кај членот 9 каде се зборува за финансиско административните и техничките работи за потребата на претседателот на кој му престанува функцијата, да ги врши надлежна служба во Владата на Република Македонија на која веќе првиот претседател реагира и со право реагира затоа што служби на Владата не можат тие административни работи да ги вршат. Има служби претседателот на Република Македонија. Тоа се само неколку што се наметнуваат.

Сега повторно ќе се вратам на она што го кажав. Значи ако се отвореше конструктивна дискусија, сите оние забелешки што ги искажа колешката Марија Којзеклиска, не би сакал сега да се повторувам, и овие навистина укажуваат на потребата дека треба овој закон, би требало, сега можеби е доцна, да оди во нормална процедура. Тоа нека и служи како забелешка на Владата, бидејќи имаше време да го пушти овој закон во нормална процедура и со една конструктивна расправа да дојдеме до подобар текст, кој верувам дека едни вакви конструктивни забелешки, Владата сигурно ќе прифати. Сега за нешто има амандмани, за нешто нема амандмани. Тоа е тоа. Ќе помине како што ќе помине, затоа што не би сакал во иднина да правиме измени и дополнувања на се она што се укажува од времето кое си го носи своето и после ршумунијада од сите оние закони кои ги носиме.

Во контекст на она што го зборувам, така ни се случи почитуван министер да видиме дека дури и законот за избор на претседател имал празнина, па откако се случи тоа што се случи, да мора по итна постапка да го menуваме и онака како што го сменивме, ги видовте реакциите. Поради тоа законаите треба да си одат во фаза како што треба, во редовна фаза, за да имаме подобри закони.

Еве толку начелно по општиот претрес, а по текстот на законот, ако има потреба ќе се вклучам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Караџоски.

Има реплика г. Витановски.

Повелете г. Витановски имате три минути.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Навистина не можев да ги разберам ниту Марија Којзеклиска, ниту колегата Жарко Караџоски.

Ние на Законодавно-правната комисија изгубивме два часа и за истата работа го зборувавме истото тоа. И денес на оваа седница го зборуваме истото. Не можев да разберам која е целта.

Јас како член на Законодавно-правната комисија и комисијата воопшто, се согласуваме дека законите треба да ги носиме во редовна постапка и законите по скратена постапка треба да бидат исклучок. Но сметам дека баш за овој закон постои голема причина да го донесеме согласно член 152 од Деловникот односно да го донесеме во скратена постапка.

Имаме можност, сите ние како пратеници, овде, според Деловникот, да поднесеме амандмани, доколку сакаме да го подобриме текстот на Законот. На никого не му е одземено тоа право.

Овој закон, реков преска во мојата дискусија и ќе повторам, треба да се донесе по скратена постапка, бидејќи треба отворено да кажеме треба да се остварат правата на семејството на членовите на господинот Трајковски и фактичката состојба што ја имаме сега, да се стави во законски рамки. Треба ли ние да носиме закон во две, во три фази, бидејќи ги очекуваме законите за децентрализација, па да не затече септември-октомври и не знам кога ќе го донесеме. Навистина не можам да разберам а и не можам да помислам дека овие дискусии се некоја порака до семејството Трајковски. Не можам да разберам.

Ќе повторам уште еднаш, овој закон се однесува на институција претседател на Република Македонија, по престанувањето на функцијата и се однесува за сите претседатели, сегашни и идни. Поради тоа сметам дека законот треба да се донесе по скратена постапка. Основната причина ја знаеме сите. Уште еднаш ќе кажам, ваквите случаи не ги разбирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Караџоски, имате една минута реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Воопшто не ми е чудно што г. Јанаќе не ме разбира. Тоа апсолутно не ме чуди.

Пораката, господине Витанов не е до семејството туку е до Владата, до предлагачот и до вас како парламентарно мнозинство.

Од друга страна пак јас вас не можам да ве разберам, кога како пратеници треба сите да се залагаме да имаме редовна процедура во носењето на законите. Значи вие сега со вашето кажување тврдите дека не ни е потребна редовна процедура, можеме се во скратена постапка, сите закони се важни и зошто се малтретираме со некакви процедури. Можеби донекаде сте и во право. Еве ако законите за децентрализација ги пуштевме така како што баравте и кажувате, денес немаше да ја имаме оваа главоболка ниту вие ниту ние.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Стојаноски имате збор, иако до 17,00 часот ни останаа уште 5 минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе,

Секако дека ќе се придржувам до времето, имајќи предвид дека во 17,00 часот завршуваме со работа.

Сакам да искажам дека поддршката за донесување на овој закон сите ќе ја дадеме, тоа е јасно од досегашните искажувања и прашањата кои во текот на дискусијата се појавија се прашања кои се однесуваат пред се на реагирањето пост фестум за донесување на вакви измени на овој закон, односно што во вакви ситуации или евентуално идни вакви ситуации што би се случиле, не беа предвидени со законите и секако дека треба да бидат предвидени. Меѓутоа, тука кај мене постоеше една дилема зошто се одеше со ваков закон, дали требаше да се оди на овој начин, или требаше претходно да се донесе специјален закон за правата на семејството на трагично загинатиот претседател Борис Трајковски, а потоа да се решат со еден конципилен закон сите идни ситуации кои би произлегле како права на претседателот на државата и неговото семејство.

Исто така за да нема дилеми околу овој закон, добро е да се прифатат сугестиите кои произлегоа од  дискусиите во овој општ претрес и особено во однос на оние амандмани кои до овој момент се поднесени и кои навистина треба да бидат предмет на дискусија, а тоа ќе биде направено во текот на амандманската расправа и гласањето по однос на тие амандмани.

Понатаму, дилема која постоеше а која навистина треба да се разјасни, или требаше претходно да се разјасни, тоа е точно да бидат утврдени кои се правата што се предвидени како права на семејството на трагично загинатиот претседател Борис Трајковски, кои се права кои веќе ги користи првито претседател на Република Македонија г. Киро Глигоров, а кои се права кои се специјални права за сегашниот вршител на должноста, претседател на Република Македонија. Значи имаме ситуација во која на овој начин многу тешко можеме да ги разграничиме овие прашања и сметам дека навистина беше подобра алтернатива да се донесе специјален закон за правата на семејството на трагично загинатиот претседател Борис Трајковски, а потоа комплетно да се решава ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојаноски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Бидејќи треба да се отвори претрес по текстот на предлогот на законот, тука ќе завршиме со денешнава седница.

Бидејќи остануваат уште 4 точки, вклучително со оваа точка, моја проценка е дека утре пред пладне ќе завршиме. Затоа наговестувам, а вие ќе бидете известени со телеграма дека утре по завршување на оваа седница ќе продолжиме по 55-та седница на која останаа две точки и тоа: точката Предлог закон за донесување на закон за дополнување на законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите и самобитноста на македонскиот народ и неговата државности и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон. И последната точка, што ја поместивме како последна - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон.

Значи утре во 10 часот по завршување на оваа седница, продолжуваме со 55-тата седница.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).